**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петнаесеттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,26 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пред тоа, дозволете ми да се извинам за ова задоцнување што се должи на важна координација со координаторите на пратеничките групи. Ве молам да го уважите ова извинување.

Пратениците Абдуладি Вејсели, Андрј Жерновски, Ристо Пенов, Љубчо Георгиевски, Лазар Китановски, Весна Бендевска, Али Ахмети, Зумрете Јакупи, Оливер Шамбевски, Владо Бучковски и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за полиција.

За збор од вчера, продолжува со зборот госпоѓа Весна Јаневска. Повелете имате збор.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе,

Јас би ве замолила пред да почнам со расправа по текстот на законот, би сакала процедурално да се обратам на Собранието во врска со патните исправи на страни држави. Нема да го злоупотребувам времето, а бидејќи имам право на три пати по три минути, искрено се надевам дека ќе завршам за 4 до 5 минути.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, процедурално имате.

**Весна Јаневска:** Секако дека нема да зборувам повеќе од 9 минути. Ви благодарам.

Се случува на неколку седници, пленарни, на ова Собрание пратеници на СДСМ, користејќи секаква можност, а не држејќи се по однос на репликите на она што е зборувано, на што се побарала реплика да се реплицира, да коментираат патни исправи на страни држави.

Република Македонија се декларира како земја и има тенденција да функционира во светот, во однос на меѓународната политика, како рамноправна членка во меѓународната заедница и се декларира дека ќе ги почитува другите држави, како што бараме од нас да не почитуваат. Ми се чини дека одреден број пратеници на СДСМ, кога зборуваат за патна исправа на странска држава, користат секој момент да тоа го презентираат во некаква негативна конотација.

Мое лично мислење е дека патните исправи на сите странски држави се еднакво валидни и еднакво вредни на било која држава, па и на нашата. Ако сакаме да биде почитувана нашата, очекуваме ние да ги почитуваме туѓите патни исправи. Ми се чини дека во Македонија се рангираат патните исправи и дека некаков, можеби престиж или непрестиж е тоа чиј пасош ќе се поседува.

Во ова Собрание има пратеници кои имаат патни исправи на туѓа држава. И граѓани на Република Македонија имаат патни исправи на туѓа држава. Тоа е нивно легитимно право што им го дава Уставот на Република Македонија и тоа е нивно човечко право да одлучат такво нешто. Поради тоа, не знам зошто би било подобро да се има на пример грчки отколку албански, да се има албански отколку бугарски, да се има бугарски отколку француски, да се има француски отколку германски, да се има германски, би било подобро, отколку да се има англиски или можеби американски пасош. За мене, легитимно издадените патни исправи од било која држава се легитимни и со еднаква вредност. При тоа, сметам дека, можеби, несериозно се однесуваме кон патните исправи на странски држави и можеби правиме преседан, па би било нормално некоја странска држава да реагира кога нејзината патна исправа се омаловажува.

Македонија, како држава што има тенденција да влезе во ЕУ, би требало да гради сериозен пријателски партнерски однос со соседите. Република Бугарија, за само месец и половина, на 1.01.2007 година станува членка на ЕУ. Од Република Бугарија очекуваме да биде наш ментор за влез во ЕУ. Ќе бидеме среќни што имаме два соседи, Грција и Бугарија, членки на ЕУ, кои би требале да и помогнат на оваа земја да се оствари нашата цел, што со консензус ја имаат политичките партии и граѓаните на оваа земја.

Затоа сметам дека политиканството и собирањето на политички поени, што е легитимно право на политичките партии и на поедини пратеници, но тоа секако може да се прави секаде, но не во Парламентот на Република Македонија, во највисокиот законодавен дом. Ние, како пратеници, не би смееле да дозволиме да се навредува ниту една наша соседна држава.

Некои автори, многу познати, нема да ги цитирам, велат дека за да постои држава треба да има: народ, територија, но мора да има и пријателски односи со соседите. Па и современата политика на ЕУ не упатува на регионална, првенствено, соработка и без остварување на целите во регионалната соработка не сака да разговара со нас понатаму за некакви други проширувања.

Се крши уште едно право. Несомнено дека Македонија е мултиетничко општество, унитарна држава. Тука, покрај Македонците живеат Албанци, Турци, Срби, но живеат и некои кои не се спомнати во Уставот, како што се на пример Хрватите и Бугарите. Мислам дека никој нема право да им ги повредува националните чувства на тие луѓе...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, малку повеќе тишина, бидете љубезни. Повелете.

**Весна Јаневска:** Никој нема право да им ги повредува националните чувства на тие луѓе, понижувајќи ја нивната патна исправа.

Конечно, ќе завршам со она што се вика базично човеково право и што претставува напредок во развитокот на човештвото.

Личното право на било  кој човек не смее да се прозива во Парламентот, не така како што беше презиваше госпоѓата Кипризова, не така како што се презиваат некои други пртеници во однос на нивниот личен избор.

Господо пратеници, дали нашите иселеници кои живеат 15 години во Австралија, имаат австралиски пасош се помалку Македонци од нас? Дали оние кои живеат во Чикаго, во Торонто и да не набројувам каде се не се помалку Македонци од нас? Сметам дека не смееме и немаме право, народот не ни дал право да ги навредуваме чувствата на нашите сонародници кои живеат по несреќа и не по нивна волоја, најчесто надвор од оваа земја, затоа што во суштина, 90% од тие луѓе се економски емигранти. Јас, не мислам дека тие се помалку Македонци од било кој овде што седи во овој Парламент.

Затоа, ве молам господине претседателе, во иднина, бидејќи по функција ви следи таа должност, да не дозволувате коментари, во добробит и на Собранието на Република Македонија и на државата, за патни исправи и други документи на странски држави кои не се тема на дискусија на пленарната собраниска седница. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, а сега повелете продолжете со зборот.

**Весна Јаневска:** Во членот 27 од Предлог-законот за полиција се регулира материја за регионалните центри за гранични работи, дека се формираат полициски станици за обезбедување на државната граница и полициски станици за гранична контрола во согласност со меѓународните стандарди за надзор на државната граница.

Со полициските станици од ставот 1 на овој член раководи командир, кој, работите ги врши во полициска униформа.

Командирот на полициските станици од ставот 2 на овој член го назначува и разрешува министерот, по предлог на директорот на Бирото од редот на вработените, со транспарентна изборна постапка.

Со членот 27 сметавме дека би требало да се направи за подобрување на квалитетот на овој закон дополнување и сметаме дека би било многу подобро кога би се додал еден ваков пасус:

"За командир на полициската станица може да биде избрано лице кое, покрај општите услови за засновање на работен однос во полицијата предвидени со овој закон, ги исполнува и следните посебни услови:

Да има завршено соодветно образование (се разбира високо образование, и тоа онакво како што за претходните повеќе членови кажав): Полициска академија, Факултет за безбедност, одбранбени и мировни студии, дефендологија, Правен факултет и Војна академија;

Да има работно искуство во безбедносните структури на Република Македонија, МВР, Министерството за одбрана, полиција, Агенција за разузнавање, АРМ од најмалку шест години".

Причината за ваквиот предлог е истакнување на нееднаквата положба на командирите на полициските станици во граничната полиција со оние во полициските станици од општата надлежност. Со оваа измена се овозможува искористување на искуството на лицата преземени од АРМ и Министерството за одбрана, а кои првенствено биле во текот на својата работа во АРМ и Министерството за одбрана ангажирани за извршување на извидничко-разузнувачките структури и граничните единици на АРМ. Сметаме дека е важно да се прецизира и уреди со овој амандман и самата потреба од дополнително регулирање на полициските станици, што би носеле назив "Полициски станици за обезбедување на државната граница и граничната контрола", бидејќи за очекување е поедини полициски станици за обезбедување на државната граница и полициските станици за гранична контрола во иднина да се обединат од аспект на рационализација и поуспешна теренска активност, како и заштеда во искористување на техничко-технолошките ресурси, персоналот и финансиите.

Со оглед на тоа дека и по повод членот 4 дискутирав за финансиите и развојот на техничко-технолошките ресурси на полицијата, сметам дека нашите забелешки за целиот закон се во континуитет и дека е значајно ваквото обединување во иднина да се оствари со единствена цел за поттикнување на подобар квалитет на работа на двата типа, во моментов, полициски станици што во иднина би требале да се обединат, со заштеда на финансии за нивен развиток.

После членот 27, сметам дека треба да се додаде уште еден член, член 27-а што би гласел вака: "Одлуката за бројот, седиштето и називот на станиците од член 27 ја донесува Владата на Република Македонија.

Со одлука на Владата се утврдува и станичното подрачје на полициските станици за обезбедување на државната граница, во длабочина на територијата на Република Македонија, но не помала од 10 км. од граничната линија".

Во постојниот Закон за внатрешни работи, сметаме дека не е регулирана и не е регулирана, не само што сметаме, него тоа е факт,

организационата поставеност и структура на граничната полиција. Веќе претходно зборував дека еве, ние, нудиме некакво можно решение, решение за обединување на двата типа полициски станици, но тоа е работа на Владата и одговорност на Владата, на Министерството, на министерот. Таа материја не е регулирана и во истиот Закон стои дека овие прашања, како и делокругот за работа на границата полиција ќе се регулира со закон. Јас сега прашувам дали ќе носиме нов закон за регулирање на дејности од областа на полицијата? Но, ако Владата смета дека така треба, јас ќе се согласам.

Со носењето на законот за полиција, потребно е да се регулираат и овие прашања. Практично решение би било Владата да донесе одлука за формирање на полициски станици за гранична контрола и полициски станици за обезбедување на државната граница.

Јас се извинувам, но навистина се деконцентрирам. Не очекувам дека сите треба и сакаат да ме слушаат, но ако може тишина. Ако не, јас ќе молчам додека не се обезбедат услови.

**Љубиша Георгиевски:** По втор пат ве молам за тишина.

**Весна Јаневска:** Мислам барем оние кои се тука блиску, до мене, би било љубезно.

Предлагаме Владата да донесе одлука за формирање полициски станици за гранична контрола и полициски станици за обезбедување на државната граница, со кое нешто длабочината на станичното подрачје на полициската станица за обезбедување на државната граница (ОДГ) не би била помала од 10 км.

Согласно европските стандарди, ние како држава го прифативме принципот на интегрирано гранично управување и сметам дека е тоа сосема во ред. Дека сме направиле добро. Ја сменивме работата од линиско обезбедување на државната граница во комбинирано обезбедување, но никаде не регулиравме до каде се надлежностите на граничната полиција во справувањето со прекуграничниот криминал и особено илегалната миграција.

Донесувањето на ваквото решение што ние го предлагаме да биде не помало од 10 км., сметаме дека ќе овозможи практично и послободно, во законски рамки да се реализира оперативната активност на персоналот од полициските станици за обезбедување на државната граница.

Сметам дека ова е прашање што е од исклучителна важност, особено затоа што и ние самите, од дома и оние наши пријатели од надвор, меѓународниот фактор, постојано укажува на криминалот, криминалитетот, криминалните дејствија што ги има во Република Македонија и што воопшто не се изоставен и на границите на оваа држава.

Поради тоа сметам дека ќе и овозможиме услоови за работа на полициската служба, што ќе биде задолжена да го прави тоа во однос на обезбедување на државната граница, да се бори со криминалот, со тоа што ќе овозможиме подлабоко подрачје на делување од најмалку, според мене, 10 км.

Во однос на граничното обезбедување, во минатото сме имале проблеми. Сме имале проблеми во оној период кога сеуште не беа сосема добро регулирани ингеренциите на МВР и АРМ и кога Претседателот на државата и министерот за внатрешни работи зборуваа за тоа чии ингеренции и какви се ингеренциите на едниот или другиот и не само чии ингеренции, туку чија е одговорноста по повод одредени дејствија на едниот или другиот. со оглед на тоа, сметам дека, особено за тоа што е јасно познато дека постои криминал на границите на Република Македонија од најстрашен вид, ако воопшто има пострашен вид во криминалот, трговијата со луѓе, трговија со оружје, трговија со дрога, па и трговија со средства за следење на комуникации, шверц на лекови, шверц на разно-разни други стоки, сметам дека треба поради тоа да се почне со обезбедување на границата и со давање можност на оние кои се задолжени, значи полицијата, тоа да го спречи, да го спречи. Десет километри во оваа земја се сериозен фактор што може да помогне во борбата против таквите влијанија во оваа држава.

По однос на членот 46, кој гласи, всушност тоа е материја, поглавје од законот за полиција што зборува за приведувањето, членот 46 гласи:

“Лице може да се приведе врз основа на писмена наредба издадена до надлежен суд.

Лицето од став 1 на овој член може да се приведе заради приведување во просториите на полицијата, друг надлежен државен орган или во местото одредено со наредбата.

Полицискиот службеник е должен на лицето што треба да го приведе да му јад аде наредбата од ставот 1 на вој член.

Полицискиот службеник нема да му ја врачи наредбата од ставот 1 на овој член на лицето за кое основано се сомнева дека ќе даде отпор.

Лицето може да се приведе во време од 6 до 22 часот”. Тоа е она спорното за кое сакам да дискутирам.

И уште еден став”во случај кога приведувањето е нужно заради преземање на полициските работи кои не трпат одлагање, лицето може да се приведе и надвор од времето утврдено во ставот 5 на овој член”. Значи со последниот став се направил обид да се поправи претходниот кој според мене, навистина не би требало така да биде. Значи лице може да биде приведено исклучиво само врз основа на писмена наредба издадена од надлежен суд.

Членот 46, исто така упатува и на начинот и постапката за врачување на судската наредба, на лицето кое треба да се приведе.

Причина за мојот предлог за корекција на овој член е да се избрише ставот 5 кој го утврдува времето на приведување, од 6 до 22 часот.

Според мене, како одредба е неиздржана од причини што секое лице за кое постои судска наредба, потерница од полицијата, или пак од други безбедносни структури, а таквото лице е причинител или сторител, со сторител или помагач за правење на казниво дело или друга општествена дивијантна појава, може и треба да биде приведено во било кое време од денот, во зависност од тоа кога и како ќе се случи, полицискиот службеник, со цел брзо, безбедносно и поефикасно негово приведување, да го приведе. Вакви одредби се среќаваат и во Законот за кривична постапка на Република Македонија, кој во претходната полициска постапка не ограничува во кое време од денот едно лице може да биде приведено, ако за него постои судска писмена наредба. Вакви решенија постојат во сите земји на Европската Унија, па поради тоа сметам дека ваквото нешто треба да биде прифатено.

Јас навистина сум лаик, мојата професија нема никаква допирна точка со оваа работа, но ми се чини, доколку, ќе си се земам за пример мене, не некој друг за да не се најде засегнат. На пример ако полицаецот ме сретне во 22,10 часот и сака да ме приведе, јас ќе се повикам на овој закон и ќе му речам, ве молам вие ќе ме приведете утре од 6 до 22,00 часот, а сега од 22,10, до 6,00 часот наутро, не можете да ме приведете. Можеби е сосема смешно тоа што господине кажувам, има стручни лица кои ќе си го кажат своето, но оние кои јас сум ги консултирала, го кажале своето и јас тоа овде го продискутирав и во однос на Законот за кривична постапка и во однос на законската регулатива во Европската Унија. Сметам дека навистина овој член би требало да биде избришан. И во однос на доставата на поканите, ограничувањето на времето со законот, навистина е сосема смешно. Она што досега се случуваше со поканите, дали за приведување, дали за информативен разговор, дали судска покана, на луѓето им беа доставувани во 3, 4 или 5 часот наутро, иако им се знаат и адресите на домашно живеење и адресите на работа и можат во некое пристојно време да бидат доставени така како што нормално се очекува, а не несоодветно да се прави упад во домовите и да се потресуваат семејствата во ноќните часови кога тоа не е момент.

Забелешки имам и на членот 50.

Вели "Полицискиот службеник може да задржи лице за кое постојат основи за сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност под услов и начин утврдени со посебен закон, при што задржувањето може да трае најмалку 24 часа. Полицискиот службеник може да задржи лице затечено при извршување на прекршок, под услови и на начин утврдени со посебен закон, како и лице кое го нарушува или го загрозува јавниот ред и мир, а воспоставувањето на јавниот ред и мир или отстранувањето на загрозувањето не може да се постигне на друг начин. Задржувањето од ставот 2 на овој член може да трае најмногу 12 часа. Полицискиот службеник може да задржи лице под дејство на алкохол или други психоактивни материи, под услови и на начин утврдени со посебен закон, при што задржувањето може да трае најмногу 8 часа. Лицето кое го испорачал странски орган на безбедноста заради спроведувањето до надлежен државен орган, може да се задржи најмногу 24 часа. Задржувањето се прекинува веднаш по престанувањето на причината за задржување".

Сметам дека треба да постои измена која треба да гласи вака: "Задржувањето на лицата преку три часа, во согласност со член 50 од овој Закон се врши во посебно определена и опремена просторија за задржување во полициските станици од општа надлежност и граничните полициски станици".

Целта за поднесување на ваквата измена е во функционална смисла која се однесува на фактот дека во рамктие на нашето законодавство сеуште не се донесени посебни закони со кои ќе бидат регулирани одредени услови за задржување на лицата. Преку овој амандман всушност се регулираат местото и условите во кои се врши задржување на лицата, кои сметаме дека треба да бидат посебни и издвоени од останатите службени простории и кои ќе ибдат опремени за таков вид на лица.

Сосема е логично ваквото барање од многу едноставни причини. Со оглед на тоа дека не се предвидени вакви простории, ниту во полициските станици, ниту во полициските станици за гранично гранично обезбедување, според искуствата кои ги добивам од службеници во полицијата, настануваат смешни ситуации. Лицето се приведува, нема каде да се смести па чека во ходник, заедно со странки кои се жалат на криминал, на сообраќајни несреќи, на ситни или крупни кражби. Во меѓувреме се случуваат контакти со лицето кое можеби би требало да биде изолирано, или не се случуваат, или не му се дозволуваат контакти во такви услови со луѓе со кои има право да има, како на промер адвокати, особено пак станува збор и за лица кои, без оглед дали сториле или не сториле криминал, а се приведени, да им се испочитуваат и нивните права затоа што се додека не добијат судска одлука, не можат да бидат прогласени за криминалци, а и ако не бидат, тоа не значи дека немаат човекови права, дека условите во затворите не треба да им се соодветни, дека судењата не треба да им се правични, дека истрагата во полицијата не треба да им е достоинствена. Тоа не го велам јас. Тоа го вели Европската Унија, тоа го велат ОН, тоа го вели САД, тоа го велат сите оние кои сакаат да се борат за човекови права и оние кои сакаат да

почитуваат туѓи човекови права, барем во некаков демократски минимум.

Мене ми е познато дека дури и во некои афрички земји кои имаат лош стандард, затоа велам дека се најпознати по најлошиот стандард, кога регулирале ваква материја, мислеле луѓето па сватиле дека е потребна посебна просторија, или за изолација на човекот, затоа што полицијата тоа го бара, или за изолација на човекот затоа што тој има потреба од такво нешто. Во Република Македонија, на аеродром немаме таква просторија, не само во полициските станици. Значи кога ќе треба да се екстрадира од некоја друга држава во Република Македонија, човек кој треба да се интернира во оваа земја, или да му се суди во оваа земја, ние немаме просторија на аеродромот каде тој по потреба, да речеме заради проблеми со вртоглавица, би можел да отседи пет минути, туку треба тоа да го направи во холот на аеродромот, како што тоа се прави во холовите на полициските станици.

Член 60 вели: "Полицискиот службеник е овластен во присуство на одговорно лице да изврши преглед или претрес на определени објекти, простории на државни органи и институции кои вршат јавни овластувања и други правни лица и да изврши увид во определена нивна документација заради: пронаоѓање и фаќање на лица затекнати во извршување на кривичното дело, кои се дале во бегство, пронаоѓање и фаќање на лице кое при приведувањето се дало во бегство, пронаоѓање и фаќање на лице за кое е распишана потерница, согласно Законот, постапување по пријава за присуство на експлозивни направи или друга опасност, заради обезбедување на документација, до успешно водење на кривична постапка".

"Ако оправдано може да се очекува дека на опредлен простор или објект ќе дојде до загрозување на животот на луѓето или имотот, од поголеми размери, или заради потреба од поголема безбедност на определени личности кои се обебедуваат, полицијата може да го испразни тој простор или објект, да забрани пристап, да изврши преглед и времено да го ограничи движењето во него и неговата непосредна близина. Полицијата може да изврши против терористички преглед на простории и објекти, заради општа сигурност на луѓето и имотот, како и заради безбедност на јавни собири и приредби. Прегледетот од ставот 3 на овој член, се врши непосредно или со помош на технички средства и уреди"

Тука би интервенирала во ставот 1 каде се вели дека во присуство на одговорно лице ќе се изврши преглед, јас би додала-во присуство на одговорното лице. При тоа мислам на она одговорно лице кое го врши прегледот. Значи одговорно лице на правното лице, надлежен старешина, раководен работник. Потребата од ваквиот мој предлог произлегува, прецизно да се утврди терминот одговорно лице пред кое полицискиот службеник ќе може да изврши преглед или претрес на определени објекти, простории на државни органи и институции со јавни овластвуања и други правни лица и да изврши увид во определена нивна документација, се со цел за пронаоѓање и фаќање на лица кои извршуваат казниви дела односно на лица кои се дале во бегство, лица спрема кои е распишана потерница, постапување по пријава за поседување на експлозивни направи и други опасни распрснувачки материјали, обезбедување на документација за успешно водење на кривична постапка спрема определени лица.

Во останатиот дел од Предлог законот, сметаме дека добро се утврдени начините кога може полицискиот службеник да интервенира, а кои какот такви уредуваат обезбедување на лица против терористички преглед за определени простории и објекти, поради општа сигурност на луѓето и имотот, како и поради општата безбедност на јавните собири и приредби.

При приготвувањето на овој мој или наш предлог, сметавме дека сепак треба прецизно да се утврди што подразбира терминот одговорно лице, од причини што во став 1 се спомнуваат претреси на определени објекти, како што се државни простории и институции. Значи, значењето не е мало. Станува збор за државни простории и институции и увид во нивната документација. Од тие причини терминот-одговорно лице, го доуредивме како-одговорно лице на правно лице, надлежен старешина или раководен работник односно раководитрел.

За членот 60 за кој исто така многу се дискутираше, јас еве нема да го злоупотребувам трпението на луѓето. Апсолутно се согласувам со Предлогот на госпоѓа Каревска, дека зборот "може" треба да се замени со зборот "треба". Гласав за овој амандман и жалам што Парламентот не успеа да совере сили , да обезбеди потребно ниво и услови за работа и да изгласа уште неколку од овие амандмани и нејзини и на други пратеници, што сметам дека ќе беа значајни. Сметам дека тоаќе беше значајно затоа што ние имаме некоја пракса која произлегува веројатно од минатиот режим, која претставува архитив на мислење. Прво за ксенофобичност кон се друго, освен она што ние сме го направиле, сите не чинат, сите лошо прават, само јас знам добро да направам, сите се помалку вредни само ние сме многу вредни, сите се непријатели и од внатре и од надвор. Ако е се тоа така, заклучокот е, дајте да направиме нешто, па и ако е лошо, ќе го поправиме. Јас сметам, ако еднаш веќе нешто правиме, треба тоа добро да го направиме, толку добро колку што можеме. Сваќам дека сме лимитирани и ограничени во нашата работа, но ако веќе ни се пружила било каква можност, нешто да направиме подобро од прв пат, сметам дека е тоа добро, наместо уште три пати да ја поправаме истата работа.

Членот 65 каде се вели:"Под снимање на јавни места, во смисла на овој закон, се подразбира траен аудио и видео надзор на јавните места каде се извршуваат кривични дела или прекршоци, со цел за нивно спречување".

"Кога постои опасност на јавните собири да се загрози животот, здравјето на луѓето и имотот, полицискиот службеник е овластен да изврши видео снимање или фотографирање на јавниот собир.

Намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири пред започнувањето со активноста, полицијата може јавно да ја соопшти.

Снимениот материјал од ставот 1 и 2 во овој член, се чува во полицијата 6 месеци, после материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој се постапува согласно со законот".

Да не дискутирам за тоа дека полицијата "може", би требало да биде заменето со "треба", што би дало облигативна форма на зборот користен во законот, многу се дискутираше. Претпоставувам дека во јавноста и натаму многу ќе се дискутира, не по овој член од законот, туку воопшто по тоа што значи прислушкување, следење, кога ќе се користи, како ќе се користи и би требало да се дискутира до колку некој тенденциозно не ги спречи таквите дискусии, а при тоа пак некој можеби свесно, а некој и несвесно, не се обиде да ги спречи, велејќи дека тоа би било на штета на нашата држава. Како нашата држава би била примена меѓу другите наши пријателски страни држави, ако ние признаваме дека секој секого слуша, секој секого следи и дека ние тоа на некој начин треба да го прикриеме за да оставиме подобар впечаток некому од кој навистина можеби зависиме. Јас пак сметам дека сето тоа што нечини, не треба да го прикриваме и лажно да се претставуваме подобро кај оние од кои можеби зависиме, туку дека тоа треба да го поправиме. Значи снимањето и прислушкувањето, легално и нелегално, од сега, затоа што сега се носат такви закони, досега комплетно нелегално како тема пред два дена го отвори господинот Тито Петковски на Парламентарната комисија за безбедносот и одбрана и според мое лично мислење добро направи, прилично ноншалантно, велејќи дека тоа е јавна тајна, но можеби и двосмислено за да процени каква ќе биде реакцијата на оние кои сериозно треба да бидат загрижени по повод една таква изјава, со оглед на кредибилитетот што господинот Тито Петковски го има и како политичар и како пратеник во ова Собрание, за што сметам дека нема луѓе кои можат да му го оспорат, во однос на искуството и сериозноста со која тој некои работи знае да ги спроведе, да се избори за нив, или по потреба, ако така сака, ако така решил и да ги спречи, да испровоцира. Значи апсолутно не сакам да дискутирам во негативна конотација, но за способноста на господинот Тито Петковски сите сме уверени и од минатото и од сегашноста, почнувајќи од 1990 година па до денес.

Имам впечаток дека јавната дебата, па дури и на седницата во однос на прислушкувањето и аудио-видео мониторингот кој се регулира и со членот 65 во овој закон, некако сака лесно да се пренабрегне, или малку да се обрне внимание на таа материја. Познато е и јас ќе се повторувам и ќе се повторувам безброј пати се додека сериозно оваа држава не изреагира соодветно така како што треба во однос на злоупотребата на полицијата, полициските служби за прогон на невини лица и за прогон на политички опоненти. За жал, мислев дека времето кога полицискиот и политичкиот прогон се средство за борба во политиката се одамна изминати, не во овие 16 години, туку во оние 60 минати години и сметав дека периодот од 1945 до 1955 година на пример никогаш повеќе нема да се повтори. Длабоко сум се излажала затоа што веројатно сум преценила и некакви политички структури, политички функционери, но и некакви кои можеби и не носат таква одговорност, но, и некакви државни функции и функционери кои сносат одговорност и кои треба сериозно да одговараат за она што го прават нелегално и противзаконски. Колку пати и да треба во овој Парламент во овие 4 години кога и да ми се укаже приликата да зборувам за политичкиот реваншизам и политичкиот прогон на политичките опоненти од различни политички партии. Но, користејќи аудио-видео записи и не само тоа ВМРО-ците во оваа држава страдале и ќе страдаат се додека некој сериозно не преземе некаква мерка против тоа. Покрај тоа што е злоупотребувана полицијата, злоупотребувани се и некои други државни инстситуции, значи, не сакам да бидам погрешно сфатена. Јас не зборувам во овој момент ниту за определени луѓе, ниту за определени времиња. Но, постоеле и постојат луѓе и постојат и постоеле времиња кога биле злоупотребувани јавни обвинителства и судови и судии и основни судови и апелациони судови и врховни судови кои работеле под притисок се со цел политички реваншизам, политичка борба и политичко расчистување со политичките противници. Ако таквото нешто и беше прифатливо во некој изминат период каде што оваа земја живееше во тоталитарниот систем, во систем на темнина, неинформираност, кога овде немаше и не постоеше ниту интернет, кога овде немаше и не постоеше странски весник, кога овде немаше и не постоеја контакти со луѓе кои живеат во други држави, значи под претпоставка дека може да се оправдаат граѓаните дека заради неинформираност и црната дупка во која живеат и не знаеле што се случува, па поради тоа се намалува нивната одговорност. Сега такво нешто не може да се очекува. Сите тие кои учествуваат се криви, но сите тие кои гледаат, а не преземаат ништо, се уште покриви, ако не пред Кривичниот закон, ако не е пред судот на јавноста, тогаш пред својата сопствена совест и

пред Бога. Кривичното дело несторување е исто толку сериозно колку кривичното дело сторување. И понекогаш последиците од кривичното дело несторување, можат да бидат многу посериозни од она што може да биде речено само сторување.

Значи, кога зборувам за аудио-видео надзорот, зборувам за злоупотреба за која во минатото сите ние сме сведоци, па дури и помладите за оние кои се случуваа во последно време. Значи, аферата “големо уво”, аферата “темел”, аферата “политички партии со прислушни уреди”, не знам како ќе се крсти и бројните други за кои тие кои се помлади, мислам по години во овој Парламент не знаат и не чуле одперидот кога Република Македонија беше составен дел на СФРЈ. Кога во 50-тите години на пример, кога овде луѓето не знаеа, немаа чуено и не знаеа и немаа видено што е тоа дрога, им се подметнуваше дрога во становите и во колите на некои ВМРО-вци и токму за тоа да бидат осудени, затоа што не можеле политички да се справат со нив, затоа што се бореле за независност на Република Македонија. За тоа луѓето лежеле во затвор, затоа што луѓето велеле дека Македонците треба да имаат своја држава, за тоа луѓето лежеле во затвор, затоа што луѓето пред камери велеа дека Македонците треба да имаат своја самостојна независна суверена држава, за тоа против нив беа водени истраги, за тоа беа судени, за тоа лежеа во затвор. За жал, оваа држава и ВМРО-ската влада не успеа да ги рехабилитира тие луѓе се до ден денес и да ја симне од нивниот грб, значи да ја симне црната дамка, или црното петно, или срамот кој искрено и длабоко во душата не само што не го заслужиле, туку заслужиле да добијат признание за она што го истрпеле и претрпеле и што го сработиле. Во таа смисла повторно ќе зборувам нешто за што зборував, значи за исклучување на штабовите на политичките партии и политичките функционери од аудио-видео мониторинг, освен тогаш кога навистина постои основано сомнение дека сториле кривично дело за кое треба да бидат гонети и за кое треба да бидат и во истражна постапка и да бидат судени. Како ќе се одбраниме во оваа земја во која не владее закон, иако има добри законски решенија, но нема владеење на законот кога тој не се спроведува од оние кои треба да го спроведуваат. Како ќе се одбраниме, ако и законот не ни е дециден. Значи, тогаш им оставаме широко поле за работа на оние кои не сакаат да го спроведуваат законот кога е дециден, а камоли тогаш кога не е дециден. Значи, политичките противници треба да имаат право на слободно работење. Тие можат да трпат само политичко влијание од другите политички партии, тие можат да трпат политички сугестии од другите политички партии, биле тие позитивни, биле негативни, па и некои, еве да речеме други облици на притисок што некој ќе ги рече трговија, а јас би ги нарекла договор, разговор, дијалог, барање на заеднички интерес. Кога зборувам за трговија, зборувам за она што беше, еден амандман, еден надзорен одбор. Евтино нешто си ги ценат своите луѓе колегите од СДСМ, јас не, јас моите ги почитувам бескрајно многу и ќе стојам зад нив секогаш и ќе тврдам дека тие, и ако добиваат позиции, добиваат затоа што се квалитетни, а не затоа што претседателот на партијата прави пазар со нив, затоа што се најквалитетни, некои од нив во оваа држава се прогласени за експерти од ММФ, од Светската банка, од други релевантни функционери дека друг таков нема и дека затоа добиваат позиции, а не затоа што јас се пазарам со луѓе. Јас и ВМРО-Народна партија трговија со луѓе не прави. Некои тргуваат со луѓе и тоа вистински, зборувам за оној криминалот, за белото робје, а нашата држава тоа не го санкционира, иако и правно и противправно може да користи аудио-видео мониторинг, на пример на нашите граници. Па дури и го користат аудио-видео мониторингот, но по овој последен став нешто се случува во однос на чувањето и нечувањето, така пишуваше во некои весници пред извесен подолг период. Тоа како што милува да каже господинот Тито Петковски е јавна тајна.

Значи, како ќе им обезбедиме на политичарите слобода на работа, слобода на движење, слобода на комуникација, слобода на разговори и преговори, слобода на креирање идеи за одржување не само на демократијата во оваа земја, туку и за одржување на државата, ако тие не се заштитени од она што може да значи злоупотреба на полицијата и полициските служби и злоупотреба на државните функции под влијание на некои политички партии. Како јас, или било кој пратеник, затоа што многу овде се пожалија дека биле прислушувани, па дури некои, не се сеќавам кој праша кое е тоа големо око што нас сите не гледа. И јас се согласувам, би сакала да знам кој е тој што нас сите не следи и гледа, бидејќи луѓето имаат искуство во однос на таквите случувања. Како јас ќе се чувствувам сигурна во својот сопствен дом, ако знам дека пред мојот стан постои видео-камера, затоа што на некоја владеачка политичка партија и текнало да прогласи дека на мојот паркинг има зголемен криминалитет на крадење на коли. Како јас пред моето семејство ќе го оправдам тоа аудио-видео мониторирање и како ќе ги заштитам човековите права на моето семејство, на моите пријатели кои ништо не му згрешиле ниту на законите, ниту на политиката, ниту на правдата божја, а ќе бидат следени и прислушкувани само затоа што се по природа на нештата, или по случајноста некогаш биле во било каков контакт со мене, па можеби со вас, па можеби со некој друг и некој трет и некој четврт кој требало затоа што некој така сака да биде следен и прислушкуван за да можел на следните избори да ги користи тие документи за да добиел и да дојде на власт. Во таква идеа нема чесност. Значи, оние што сакаат да дојдат на власт по секоја цена не се чесни во намерата да и помагаат на државата и на народот, туку се чесни во сопствената намера по секоја цена да

дојдат на власт, да ги остварат своите лични амбиции и своите лични интереси и притоа да имаат можност и средства користејќи ја државата, на пример, полицијата да се справат, или да ја уништат политичката опозиција. Значи и кога немаше закон и сега кога ќе има закон тоа не ќе може така лесно, не можело, тоа го докажала историјата, тоа го покажале бројни држави кои овој период го поминале со години пред нас каде што имало вакви ситуации, но во држави кои имаат капацитет за опстојување со ваквите ситуации се решавало, се решиле, се справиле луѓето. Точно е тоа дека определен број луѓе биле жртви на таков режим, но доблеста од тоа што некои биле жртви на таквиот режим каде што сега нивните држави се напредни, западноевропски, или американски демократии од кои сите ние треба да учиме. Без да имам било каква злонамера и без да зборувам за функционерите на сегашната, особено не на сегашната Влада кои се на функција само неколку месеци и кои искрено верувам немаат намера тоа да го прават. Но, не можам да тврдам бидејќи не сум во душата на секој човек. И без да имам злонамера и да зборувам за функционерите на минатите влади и да ги именувам, бидејќи исто така не сум во умот на секој човек и не знам кој што направил. Но, такви докази дека ова во Македонија и денес се прави постојат. Апсолутна грешка направи овој Парламент, затоа што сметам дека министерката исто така има право на политика и не мора да го прифати, па и Владата има право на политика и не мора да прифати некој амандман кој можеби после ќе и го одолговлече усогласувањето со други закони и амандмани, значи најдобронамерно барам оправдување. Но, Парламентот, особено оние луѓе кои имаат искуство со ваквите нешта како што се луѓето од ДПМНЕ, како што се луѓето од Народна, како што се некои луѓе од ДПА, како што слушнав, не знам, еве прв пат дознавам дека тоа се некои луѓе и од ДУИ, како што се некои луѓе од СДСМ, како што се некои луѓе од Либерална партија не најдоа сили да седнат и заеднички барем еднаш за сопствено добро да изгласаат нешто што ќе биде добро не само за пратениците, туку ќе биде добро за македонскиот народ, за сите граѓани на Република Македонија. Кога велам македонски народ, јас тоа го подразбирам, сите граѓани на оваа држава.

Зошто имајќи можност Владата сама да го досреди амандманот, затоа што јас како неука, па и мојата правна служба, па и другите правни служби сме можеле да направиме пропуст, зошто пак Владата не најде за сходно да го дотера амандманот така како што нејзе ќе и одговара, или како што тоа вистински експерти од законодавството треба и можат да го направат, да покаже доблест кон сопствениот народ, не кон предлагачот на амандманот, не кон политичките партии, не кон функционерите на партиите, или други функционери, туку кон сопствениот народ, бидејќи Владата е влада на сите граѓани на оваа земја без оглед на која политичка партија и припаѓаат, без оглед дали таа политичка партија е сега на власт, или е сега во опозиција. Значи, институциите на државата ние сите треба да ги почитуваме без оглед дали сме гласале за нив, или не сме гласале за нив и без оглед на тоа дали мојата политичка опција е на власт, или не е. Ако мнозинството на гласачи изгласале една политичка партија и таа политичка партија направила влада, тогаш ние сме должни да ги почитуваме како наши, иако можеби се од друга политичка партија. Но, таа влада е должна сите граѓани и сите гласачи да ги почитува како свои, бидејќи тогаш кога станува влада, веќе не е политичка партија, тогаш е застапник на државата. Затоа сметам дека и Министерството и Владата требаа посериозно да разгледаат некои членови од овој закон, особено затоа што ние со денови се заглавивме во Собранието на Предлог-законот за полиција. И како што мене ми изгледа ќе останеме уште со денови заглавени. За жал, јас на почетокот кажав дека со задоволство би гласала и ќе гласам за овој закон од една единствена причина што сметам дека ние апсолутно брзо треба колку што е можно побрзо да се приближуваме до легислативата на Европската унија, или на други понапредни, подемократски земји од нас. Но, тоа не значи дека имам, или народот и мене и на другите пратеници ни дал мандат да пренабрегнеме некои нешта за кои навистина сите сме засегнати. Мислам дека им е должност на пратениците за кои народот гласал да го застапуваат.

И, ако во овој момент сме сите свесни дека постои политички прогон и политички реваншизам, кои господа пратеници, нас ни дава за право да не се бориме против тоа, затоа што во кампањата сите ние,а пак јас таква каква што по природа сум сторена, ги разгледував материјалите од кампањата во изминатите денови, одговорно тврдам дека има нешта кои сите партии во оваа земја ги ветувале. Тоа е од економијата нејзино подобрување, па до ширење на демократијата, до правата на малцинствата, а и до човековите права и слободи, одбрана на човековите права и слободи и одбрана на демократијата во оваа земја. Е, па, нема демократија во земја таму каде што се врши политички прогон на политичките противници. А, уште пострашно да е, она што е определено како политички противник е многу дискутабилно. Затоа што, според мое личномислење, во последно време онака како што владееше СДСМ во последните четири години нешто и се измешаа работите на политиката во Македонија, па се подизгуби поимот за тоа што е десно ориентирана политика, затоа што е лево, што е ултрадесно, што е ултра лево, што е централно десно, централно лево итн. По се ми се чини дека единствена политика која се водеше во четирите години на владеењето на СДСМ беше во две години политички реваншизам и во две години пари, ама не пари за државата и општеството и

економијата, туку пари во однос на криминални дејствија на некои поединци. Јас тоа не можам да го генерализирам и се оградувам од тоа на целата партија или на сите членови од партиите.

Она што се случи во однос на политиката во изминативе 16 години, според мене се страшни што јас го коментирам со колегите, а е врзано со аудиовидеомониторинг, злоупотреба на полиција во однос на аудиовидео мониторинзи, злоупотребатана судовите, на јавните обвинителства е резултатот на политиката која во младата и нежна и кршлива демократија на 90-тите години ја водеа политичките парти. Во борбата за превласт на тогаш едната или другата идеа, оти тогаш навистина мисламдека постоеја една или друга идеја и во борбата за одбрана на националните потреби на одредени малцинства во оваа земја, тогаш се создаде една атмосфера на силна, не само политичка борба во политичка смисла на одбрана на десната, левата идеа, туку борба на живот и смрт за превласт на гласачите на Република Македонија. Така, тогаш три, а сега малку повеќе политички партии, значи две македонски и една албанска водеа битка за градење на недоверба меѓу граѓаните на Република Македонија, ама врз основа на политичка припадност. Страшните резултати од таквата политика и таквата битка ние ги гледаме и ги чувствуваме денес. Политичките партии тогаш големото ВМРО ДПМНЕ и големото СДСМ и албанската партија водеа пропаганда меѓу народот дека треба да се мразат и да не се почитуваат само затоа што се припадници на други политички опции. Водеа пропаганда дека не е важно дали си ти добар или лош човек, дали си ти добар или лош доктор, дали си ти добар или лош режисер, дали си добар или лош преведувач, дали си добар или лош мајстор, дали си добар или лош комшија, дали си добар или лош молер, дали си добар или лош возач, не ги ценевме луѓето по тие квалитети. Дали ќе му помогнеш или ќе му одмогнеш некому, дали ќе му украдеш или нема да му украдеш некому, па дали и ќе убиеш или нема да убиеш некого, не ги ценевме тие квалитети. Ние луѓето ги поделивме на ВРМОВЦИ, на СДСМ-овци и сега на ДПА и на ДУИ и почна канибалистичка битка меѓу граѓаните во корист на водачите на политичките парти, за во таа битка да бидат вклучени и државните институции, како што се полицијата, судовите, јавните обвинитлства, јавните правобранителства, владите, функционерите на владите, за денес да дојдеме во една ваква независна ситуација на речиси, јас прво отворено тоа ќе го кажам, комплетна блокада на парламентот и веќе во сериозна и политичка криза во овој момент кога ние треба да спроведуваме реформи. Кога се деклариравме дека сакаме да спроведуваме реформи, кога ние ВМРО Народна партија како политичка партија, која ја критикуваше претходната власт, речиси безусловно, не затоа што направила пазар со владеачките парти ДПМНЕ или ДПА и добила 10 директорски места, ќе ве поддржуваат. Не, безусловно ја поддржува оваа владина коалиција, за да се направат реформите во оваа земја. За што, ако оваа влада успее за разлика од претходната и мене ќе ми биде подобро и на ДУИ ќе му биде подобро и на СДСМ ќе му биде подобро.

Значи, повторно се враќам на законот и повторно за она што значи злоупотреба. Дотолку многу беа злоупотребувани некои закони и некои членови, не само на Законот за полција, туку од Законот за истрагата, од Законот за кривична постапка, па и од некои други закони, што не остана во Македонија некој со некого да се сака, освен веројатно младите луѓе, секој со секого се мрази и во мразачката битка секој секого гледа што е можно повеќе да го окриви, да осрамоти, да уништи, наместо ние да си ги почитуваме нашите доблести и да се натпреваруваме во тоа која политичка партија ќе понуди подобар концепт, која политичка партија ќе понуди подобар законот за полиција. Па, ако не е сама способна да го направи законот за полиција доволно квалитетен, за добробит на граѓаните и на државата, да побара помош, да отвори дијалог со другите политички партии, без оглед дали се на власт или во опозија, па зарем во партиите во опозиција нема квалитетни луѓе. Или зарем во партиите на власт нема неквалитетни луѓе. Ако се има чесна намера во однос на овој закон, а и во однос на овој член, овде ќе се отвореше конструктивен дијалог. Овде сите политички партии,сите без исклучок, ќе работеа за доброто на текстот на законот, а немаше да се прави политички дил за Законот било како да се протурка, затоа што нас на државата ни е многу важно да влезе во извештајот. Тоа е многу важно, знам дека е многу важно, ама не може ДПМНЕ да се договара со СДСМ, Бучковски да ветува дека ќе го поддржи законот, знаејќи дека како поголем дел од опозицијата, ќе се вклучи опозицијата во гласањето на законот и тоа ќе биде решение, а знае дека има сериозен проблем со ДУИ. Не може да ги знаат пропустите на законот а да не дадат амандмани. Не може, пак, ДПНЕ, владеачката партија да знае дека минатата Влада имала проблеми со ДУИ а да не седне со нив да поразговара и да ги праша дали вие ќе го гласате Законот ваков каков што е или сакате нешто да измениме. Не може ни ДУИ ако беа конструктивни да не дадат амандмани, туку 20 дена да дискутираат на теми кои се сосема издржани. Па, уште пострашно е што ни сега никој не седнува да рече како ние да излеземе од овој ќорсокак, како да донесеме добар закон. Можеби и министерката сеуште има време, расправата не е завршена, откако ќе се договори со сите политички партии, ќе даде некои амандмани, за да биде законот подобар од квалитативните сугестии на сите пратеници овде во Собранието, за да може Законот да стане прифатлив за сите нас. Но, не притоа да се условуваат едните со другите, ние ќе го поддржиме ако не им направите по нивна волја

или ние ќе ве поддржиме ако не им направите по нивна волја. Нема волја овде, луѓе, станува збор за закон. Станува збор за државна работа, за она што треба да го трпат на својот грб граѓаните на Република Македонија.

И повторно ќе се вратам на она што навистина претставува преголем и пресериозен проблем. Она за што се обиде да отвори расправа, според мене, крајно тенденциозно и сериозно господин Тито Петкоски. Она што јас го прифатив крајно сериозно потегнато од господин Тито Петковски, другите да го премолчат и воопшто да не го стават на разгледување, бидејќи во овој закон и во следниот закон кој треба да го донесеме, закон за следење на комуникациите со двотретинско мнозинство на иста тема дискутираме. Не знам таму што ќе правиме и каде ќе запреме и до каде ќе дискутираме и како ќе го сработиме тоа, но очигледно ека поради немање на добра волја во политичките партии, а сега однапред ќе се извинам и ќе се оградам, но ми се чини поради немање на сериозност на пратениците кои овде се праеници на Република Македонија и претставници на политички партии, во суштина тие се пратеници на Република Македонија, поради немање крајна одговорност кај пратениците како претставници на народот ние не направивме ништо да го подобриме овој закон. Не станува збор за тоа дали ние ќе успееме или нема да успееме во нашата намера, дали некој ќе биде разочаран или не, дали некој ќе биде трпелив или не трпелив, со помалиот квалитет на овој закон сметаме дека и правиме најголема штета прво на државата, а второ и на граѓаните. Оној што ќе го злоупотреби членот 65 од Законот за полиција на Република Македонија, по налог на некој друг ќе биде одговорен пред Кривичниот суд на Република Македонија. Такви луѓе во минатото се појавија овде и кажаа односно јавно, тајно, во медиуми, пред суд или не пред суд дека вршеле такви некои дејствија по налог на претпоставениот. Веројатно, за нив тоа е олеснителна околност, но, и тој што ја дал наредбата и тој што ја спровел наредбата прават кривично дело. Значи, ако некому биде наредено да ме прислушкува или да ве прислушкува, господине претседателе, тој под притисок дека ќе го изгуби работното место, дека ќе му се случи нешто страшно тоа го направи, ќе одговара пред кривичниот суд на Република Македонија. Пак и тој што ја дал таа наредба, исто така, ќе одговара. Кога би го допрецизирале членот 65 во Законот за полиција, ние и би ги заштитиле полициските службеници од евентуалната можна злоупотреба на нивните претпоставени, кои евентуално би биле односно би можеле да бидат припадници на политички партии и кои евентуално би можеле да работат за својата во корист на својата политичка партија. Сметам не само дека би се одбраниле и би им се овозможило човековото право на политичките партии и политичките функционери, туку на овој начин со допрецизирање на овој член би ги одбраниле полициските службеници и функционери, што исто така е наша задача и обврска, ние очекуваме од полицијата да ни ја гарантира безбедноста да се бори против криминалот, да ги исполнува барањата на државата, а не сме ги заштитиле ние тие луѓе. Тие луѓе ние треба секако да ги заштитиме колку е можно со поквалитетен закон.

Бидејќи, веќе еднаш кажав дека планирам четири години да зборувам на иста тема, на тема злоупотреба на државните институции и на тема политички реваншизам и политички прогон, јас сега би завршила со членот 65, за да не го изгубат трпението ни граѓаните, ниту тие кои во Собранието ме слушаат и би одела на следниот член, а тоа е членот 97.

Член 97 гласи: “Полициски службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас на начин и под услови утврдени со овој закон. По исклучок работен однос без јавен оглас се заснова за работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во полицијата и за стипендисти на Министерството, завршени студии за полициската академија”. Дискутиравме многу, но она што сметам дека треба повторно да се повтори и во врска со овој член дека треба да стои и за стипендисти на Министерството за завршени студенти на полициската академија, да се додаде и со прземање на лица стручни кадри од сродни или други државни органи, како и стипендисти на Министерството, завршени студии на факултети од стручен интерес на Министерството, а регулирано со посебен закон за стипендирање. Мотивот за поднесување на оваа измена произлегува од Законот за полициска академија, каде што во неговите одредби не гарантира вработување во полицијата по автоматизам, но сепак Министерство за внатрешни работи и полицијата имаат потреба од стручни лица од неполициски профил за извршување на работи кои што се од значење за извршување на полициските работи. Овие неполициски профили може да бидат електроинжењери, компјутерски инжењери, комуникациски инжењери, сообраќајни инжењери, лекари, форензичари и други. Во таа смисла сметаме со оваа измена дека без оглас можат да се вработуваат лица со преземање од овие неполициски стручни профили. Исто така, сметаме дека оваа измена оди во насока на децидно утврдување, за да не се направи злоупотреба или пак кршење на општото работно законодавство регулирано со Законот за работни односи на Република Македонија. Жал ми е, претпоставувам ќе биде сериозен проблем на Владата што овие лица кои се стекнаа со знаење и кои се навистина стручни, веројатно, не ќе можеме како држава да ги вработиме на соодветното работно место, па ќе има и случаи, токму деновиве бев запозната во личен контакт со граѓани на оваа држава кои биле вработени во полиција, па префрлени во АРМ, па од АРМ поради рационализација и реформата избркани на улица и сега стојат стручњаци кои работеле во

полиција, кои работеле во АРМ, дали сериозен придонес за оваа држава, се на улица и нивните семејства чекаат некакво решение и спас и трпат, затоа што ние како држава не знаеме да си направиме стручна кадровска политика. За тие луѓе кои завршиле соодветно образование да бидат на соодветни работни места и да работат соодветна работа, а нивните семејства не трпат, затоа што нивните родители, на пример, и покрај тоа што своето го завршиле, државата не може да им го пружи. Не можам да одолеам на предизвикот за членот 98 јас ќе ви го прочитам, тоа е нешто што мислам дека неспорно треба да се направи и во овој и во многу други закони. Тој вели: "Полициските службеници се стекнуваат со звање врз основа на видот на образованието, работниот стаж, работното место и годишната оценка. Добро, тоа е така.

За полициските службеници се утврдуваат следните звања и тие се такстативно наредени. Генерален полициски советник, главен полициски советник, виш полициски советник, главен инспектор, самостоен инспектор, виш инспектор, инспектор, помлад инспектор, главен полицаец, виш полицаец и полицаец. Моите пријатели јазичари погледнаа во речниците, во лексиконите и ме информираа дека зборот виш кој е превземен од една наша соседна земја, во периодот кога официјален јазик на оваа држава беше српскохрватскиот беше заостаток од она што се случуваше тогаш.

Во македонскиот јазик ние не можеме да речеме виш инспектор, виш полицаец и виш полициски советник. А друг пат да го определиме како помлад инспектор, или помлад некаков полицаец. Сосема логично е, ако едниот инспектор е помлад, вториот да не биде виш, туку да биде постар. Сосема логично ако едниот полицаец е помлад, другиот полицаец да не биде виш, туку да биде постар полицаец.

Значи, постар инспектор, постар полицаец. Има и во други наши закони вакви нешта и тоа апсолутно сметам дека како достоинство на јазикот и државата и одбрана на традицијата, културата и идентитетот на Македонците, треба да се поправи и во законите.

Член 105. Полицискиот службеник не смее да основа, да раководи и да биде член на раководството на политичка партија. Полицискиот службеник со членувањето во политичка партија и со учество во нејзините активнсоти не смее да го доведува во прашање непристрасното и незаконитото вршење на полициските работи.

Полисискиот службеник не смее да носи, или да истакнува партиски симболи во просториите и службените возила на полицијата, партиски да се организира, или делува во Министерството.

Полициските службеници не смејат во униформа на полиција да присуствуваат на партиски активности и манифестации, освен ако не се на извршување на службената задача.

Значи, ставот 1 кој гласи: "полицискиот службеник не смее, да основа, да раководи и да биде член на раководство на политичка партиј". Ова според мене е малку дискутабилно. Значи, ограничувањето на политичката активност и мислење, кои се темелни вредности на Уставот на Република Македонија претставува според мене проблем и како таков ставот 1 од член 105 е противречен самиот на себе и противречен на Уставот на Република Македонија, поради што сметам дека треба сериозно да се разгледа или да се избрише, или да се најде некое друго соодветно решение.

Противречноста на овој став се гледа и од самата негова содржина која е изричито забранувачка дека став 2, 3 и 4 го кажуваат точно спротивното.

Поточно, дозволувајки го партиското ангажирање, но под начин и услови предвидени во овие ставови.

Значи, така е. Вели полицискиот службеник не смее во униформа на полиција да присуствува на партиски активности. Значи, без униформа смее да присуствува на партиски активности и за мене е тоа сосема логично, тоа е негово човеково право.

Полицискиот службеник не смее да носи или да истакнува париски симболи во просториите и службените возила на полицијата и сметам дека тоа мора така да биде и е сосема како што треба. Партиски да се организира или делува во Министерството. Апсолутно, тие штоја вршат својата стручна служба, треба да си ја обавуваат струката. Политиката се води во политички партии, на политички трибини и на политички собири, во Парламентот, во јавноста, а јас како пример би сакала да се дадат себеси вака: Дали јас политички би можела да лекувам луѓе. Зошто тогаш полицаецот треба политички да апси луѓе.

Значи, јас кога лекувам луѓе, не гледам од која партија се. Не гледам ни од која националност се, не гледам ни пол, не гледам ни вероисповед. Пред себе имам човек. Зошто полицаецот не би гледал така на човекот кој треба на пример да го уапси, да го приведе, или да го заштити. Полицаецот првенствено треба да штити права и должности.

Значи, ако полицаецот бил припадник, или симпатизер на некоја политичка партија, тоа ќе му сметало во работата на неговата струка. Можеби е така, мене не ми е такво однесување познато барем во здравството. Но, вистина е дека некакви партиски членови кои добиваат политички, стручни позиции го злоупотребуваат тоа и како што до сега го велев, го имало и ќе го има.

Значи во полицијата која треба да е деполитизирана со овој член од законот треба тоа да биде регулирано. Секоја партија знае кој човек е нејзин и сите други партии знаат чии луѓе се на чии партии. Но, тоа не е припадност, тој е мој, тоа е политичка определба на некој полицаец. Ние ја влошивме ситуацијата во полицијата и со

политичката припадност воопшто, во судовите, во Јавното обвинителство, човеково право е да има своја политичка опција.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Јаневска се извинувам што ви упаѓам во зборот, но поради мои неодложни, навистина протоколарни обврски, предлагам 15 минути пауза.

**Весна Јаневска:** И мене добро ќе ми дојде. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе си продолжите, помнете си го зборот.

(Пауза од 12,55 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,20 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со Шестата седница.

Продолжуваме со претрес на Предлогот на законот за полиција.

Збор имаше госпоѓа Јаневска, продолжете. Повелете.

**Весна Јаневска:** Претседателе, значи зборував во врска за тоа дали полицискиот службеник не смее да основа, да раководи и да биде член на раководство на политичка партија.

Значи, несомнено се согласувам со сите други ставови од овој член, но повторно се враќам на дискусијата за тоа дали секој граѓанин на оваа земја има право да биде политички определен.

Очекувам дека кој и да е политички определен со своето базично човеково право, да има политички став или да биде деполитизиран нели сосема сеедно, дека својата професионална функција треба да ја извршува така како што му налага професијата. Без оглед дали е тоа полицаец, еве како што спомнав, лекар, па инженер, па судија, па јавен обвинител, па дури и претседател на Парламентот, па дури и претседател на државата, ние ги бираме претседателите на државите како претставници на политички партии. Но, очекуваме кога ќе ги избереме тие да функционираат како претседатели на сите граѓани на оваа држава. Па дури го бираме и претседателот на Парламентот како претседател на политичка партија, но очекуваме и имаме позитивно искуство дека тие знаат кон пратениците да се однесуваат рамоноправно, без оглед на тоа на која политичка партија припаѓаат. Значи, така очекуваме да се однесуваат и полицајците, така очекуваме да се однесуваат и судиите, така очекуваме да се однесуваат јавните обвинители, се разбира за докторите воопшто да не зборувам, затоа што би бил предмет на кривичен прогон било кој доктор кој би одбил да даде, значи професионална, стручна услуга на некој граѓанин од државата, доколку тој определува дали ќе му даде помош или не по партиска припадност.

Значи, претпоставка јас како ВМРО-вка би требало во својата професија да одкучам да не му помогнам на некој кој е член на СДСМ. Не само што е противлогично, противприродно е, против бога е, но тоа се однесува и на полицијата. Значи, зошто тогаш наместо да се лажеме едни со други, наместо да биде јавна тајна дека тие и тие судии се симпатизери на ВМРО, тие и тие судии се симпатизери на СДСМ, тие и тие судии се симпатизери на ДПА, тие и тие судии се симпатизери на ДУИ, на ЛДП, на ЛП, кој пропуштив некој да не се најде засегнат. Дека некои јавни обвинители не смее да членуваат и не членувавaат, но се симпатизери на одредени политички опции. Значи, не на партии, не на ВМРО, СДСМ, ДПА, либерали, социјалнисти, туку на одредени политички правци, одредени политички опции. И луѓето имаат право тоа да бидат. Зошто тогаш јас, законски иаприори, би се сомневала во чесноста на било кој политички работник дека ќе си ја врши совесно својата струка, затоа што еве формирал или имал намера да формира политичка партија.

Јас искерно се надевам дека ниеден граѓанин на оваа земја, ама апсолутно ниеден не се сомнева во мене дека јас нема да бидам добар доктор затоа што јас сум основач на ВМРО Народна партија. Јас воопшто не се сомневам ни дека еве на пример, господин Јани Макрадули ќе биде добар асистент на факултетот таму каде што е, затоа што е припадник на политичката опција Социјалдемократски сојуз. Не. Ниту се сомневам дека нашата министерка која ја измачивме толку денови овде седење, ќе биде добар министер затоа што е припадник и била генерален секретар на ДПМНЕ. Сметам дека и овие нешта треба да се надминат.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам ВМРО-ДПМНЕ за тоа се договоривме, зедов обврска.

**Весна Јаневска:** Добро, се извинувам на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека се подразбира и не го правам тоа намерно и мислам дека и вие знаете дека не го правам тоа намерно.

Значи, во тој принцип се согласувам дека службеникот кој и да е полицаец, доктор, правник, инженер, работник на работното место не треба да истакнува симболи на партијата на која и припаѓа или на која е симпатизер, или за која едноставно навива, еве така да кажеме. Апсолутно се согласувам дека униформата не само полициската, туку и било која друга не треба да биде експонирана како грб на некоја политичка партија, но правото некој да се определи политички или правото да формира здружение владино, невладино па и политичка партија, сметам дека основно човеково право и дека никој не смее тоа да му го ускрати никому, па дури и во овој закон без оглед што станува збор за една многу суптилна дејност како што е полициската дејност.

Значи, во тој правец повторно би сакала да кажам дека без оглед што законот би можел да забрани на полицајците, на судиите, на докторите, да формираат политичка партија во праксата, тоа обично не е така. Од едноставна причина затоа

што тие што сакаат да формираат политичка партија ќе најдат свои приврзаници кои ќе ја формираат политичката партија и не мора да се експонираат, а во пракса би можеле сериозно да функционираат како сериозни политички функционери кои не мора да бидат политички експонирани во јавноста. Значи, може да имаат партиска функција која јавноста нема да ја знае, дали ќе бидат советодавно тело, дали ќе бидат членови на комисија во партијата, значи да бидат партиски определени. Притоа сакам да се оградам некој да не ме свати погрешно, партиите во суштина би требало да користат непартиски неопределени стручни лица за подобрување на квалитетот на партиската работа, што фала му на господа во последно време ми се чини дека некои определени партии во Република Македонија и се случува и според мене е процес кој е позитивен во оваа држава, но пак не можеме да кажеме дека и оние кои по закон би требало да бидат комплетно деполитизирани навистина се такви затоа што природна, социолошка, политиколошка, општествена потреба на луѓето е и политички да се определуваат.

Значи, ние можеме со закон да им забраниме на полицајците да не бидат припадници на политички партии, но не можеме во нивниот ум, во нивната душа и во нивното тело да им забраниме да бидат припадници, симпатизери или да делуваат во политичките партии. Затоа сметам дека ние би можеле да ги подучиме како да направат, но да им забраниме нешто што не може да се забрани според мене е малку дискутабилно, еве да речам и нелогично.

Пак, политичките партии за да придонесат за развој на демократијата на оваа земја не треба да ги злоупотребуваат своите членови или симпатизери кои се наоѓаат на вакви деликатни функции односно не треба од нив да бараат ништо што не е во согласнот со Законот или Правилникот на служба на полицијата. И не само на полицијата, денес на денвен ред е полицијата, може да бидат во прашање и други институции.

Значи, апсолутно не само што е неморално, туку како да го градираме тоа малку потешко, е и криминално барањето на одредени политички партии или тоа не го прави партија, тоа го прават одредени партиски функционери од службениците во здравството, полицијата, судсвтвото, во образованието, да барат да сработат било што, што не е во склоп со стручноста или барањето луѓето да ја злоупотребат својата функција затоа што се припадници на политички партии и тоа во Македонија е нешто што ние го сметаме сосема безазлено, но во суштина и не е: ајде прогледајму низ прсти на овој за погрешно паркирање, ај прогледај му низ прсти за оној за ги чукнале браниците, тоа така тргнува, тоа сите ние овде сме го правеле, за да заврши после некоја со сериозна и крупна работа и кога еднаш човекот ќе биде вклучен во мрежата на такви попуштања заради барањата на партиските функционери го губи својот кредбилитет, го губи достоинството, станува заложник на партијата на која и служи. Повторно ви зборувам во одбрана на правата на полициските службеници или воопшто на сите оние кои работат во полицијата во однос на партиската припадност.

Но, повторно ќе кажам тоа не се однесува само на полицијата, значи зборувам за еден генерален принцип каде што злоупотребата меѓусебна е пракса во Македонија и на државните институции да работат во корист на партиите и на партиите да бараат од своите партиски припадници или симпатизери кои работат во државните институции, да работата во корист на таа политичка опција.

Ми се чини дека е созреано времето кога навистина тој проблем треба да се надмине и во луѓето кои ја работат својата струка да бараме стручност, сериозност и одговорност во однос на нивната специјализирана работа според едукацијата и вработувањето кое го имаат и само на тој начин да ги проценуваме, само на тој начин да ги оквалификуваме и само на тој начин да си обезбедат вработување, егзистенција или напредување во службата или на работното место таму каде што се наоѓаат.

Во членот 110 и во членот 111 исто така понудивме промени и јас ја користам можноста да се заблагодарам барем за овие два члена на министерката и Владата што најдоа разбирање, а се однесуваше за заштита на правата на полициските службеници во моменти кога им е најтешко, значи кога станува збор за професионално психо-физичко нарушување на здравјето во период кога се вршела службената должност и во членот 111 кога станува збор за смрт на полицискиот работник за некаква негова, еве да речеме, повластица што во ова време и во ваква ситуација воопшто не е повластица на семејството заради тешкиот губиток што го преживеало при вршење на должноста на полицаецот или било кој друг службеник што работи во полицијата.

Има уште многу други забелешки што би можеле да се дадат на овој закон. Јас уште еднаш ќе повторам она што многу други го кажаа, но што сметам дека е важно.

Значи, тие што го подготвуваа закон можеби направиле пропуст и верувам дека е така зошто ако не направиле пропуст тогаш свесно работеле против својот народ и сопствената држава, па еве велам можеби е направен пропуст. Притоа не мислам на службениците што ги работеле законските, правните елементи, но и на нив во краен рок, интересно е зошто тоа така го направија, пак повторувам дека е интересно е прашањето зошто новата Влада не се потруди да го подобри текстот на законот, веројатно со надобра намера да се стигнат роковите, да се постигне политички договор, но гледате во политичките договори во оваа земја не секогаш се држи зборот и некои луѓе и некои политички

партии можат да бидат благо кажано изневерени од довербата од други политички партии. Па притоа да биде полошо тоа, занчи се тоа да биде на штета на државата и на граѓаните на Република Македонија. Кога веќе се наоѓаме во ваква ситуација, значи сега веќе текстот на законот и законот станува предмет на политички договор, што јас културно го велам, а што вообичаено луѓето кои го гледаат овој Парламент велат, предмет на пазар помеѓу политичките партии што исто така не е дозволено кога станува збор за закон, па станува збор и за полиција. Но, тоа е веќе посериозна работа која не треба да се расправа во Парламентот, треба да се расправа негде надвор од Парламентот, за да се донесе политички консензус на позицијата и опозицијата како најдобро да се реши овој проблем.

Сега би сакала да потсетам на некои елементи и некои коментари и некои ставови по повод овој закон за да го потврдам континуитетот на работењето, како на ВМРО Народна партија, така и на некои други членови на Парламентот, но и неконтинуитетот на работењето на одредени политички партии и одредени членови на Парламентот.

**Љубиша Георгиевски:** Малку се одалечуваме од темата.

**Весна Јаневска:** Да, се извинувам.

Користејќи ги делови од стенограмите, занчи од 111 седница одржана на 26.10.2005 година, јас ќе потсетам на некои други забелешки за кои досега не зборував, по други членови од овој закон.

Значи, на пример што рекол господин Спиро Мавровски на 111-та седница: "Со ова што го имаме пред нас како Предлог за донесување на закон за полицијата мислам дека поголемиот дел и она што значи, она што треба да го извршува полицијата во Република Македонија, деловите што практично полицијата треба да функционира и да ги извршува како свои работни активности и токму во тој дел мислам дека поголеми забелешки во однос на она што значи наше прво читање на законот немаме.

Моите забелешки, значи првиот дел, освен во членот 4, каде што јас сметав дека требаше да допрецизираат некои работи за значењето на законот, за потребата за законот, за тоа како се организирал и тогаш и сега сме немале.

Моите забелешки се во однос на поедини ставови, а посебно би сакала да кажам во делот на она што се однесува чисто за децентрализацијата на полицијата.

Ако добро забележавте, во вчерашниот ден во најголем дел од мојата дискусија се однесуваше на децентрализација на Законот за полиција, што беше составен дел и за зборување за европската иницијатива според која ќе можеме и каде ќе треба да функционира македонската полиција и да ги обавува своите функции заедно со локалната власт од изборот и од интеграциите кои ќе ги имаат тие командири на полициски станици и одговорноста и заедничкото работење заедно со локалната самоуправа. Во однос на донесување на правилни решенија и известување на граѓаните од таа локална самоуправа, се разбира.

На крајот на краиштата полицијата токму за тоа е во служба за да може да ги извршува тие дејности.

Јас би почнала конкретно со моите забелешки, би почнала со членот 5 став 1 алинеја 6 и алинеја 8. Моите забелешки се директни.

Членот 5 кажува за полициски работи во смисла на овој закон, тоа се работи кои се однесуваат на алинејата 6 и тоа е контрола на движење и престој на странци. Значи, не случајно читам дел од стенограмот затоа што ете, во брзањето, бидејќи не фати викенд кога поднесувавме амандмани, во брзањето што повеќе да придонесеме за подобар квалитет на законот, оваа материја од членот 5 сме пропуштиле да ја рагулираме во недостаток на време, но еве, сметам дека не е изгубено ако денес го прокоментираме движењето на странци во земјава. Бидејќи министерката е тука, го слушна и можеби ќе сака Владата да поднесе свој амандман, а можеби и некои други членови на Парламентот ќе сакаат да го прокоментираат ова. Тука се зборува за движењето и престој на странци и ставот 8 - обезбедување на определени личности и објекти.

Алинеја 6, доколку ја сватиме буквално, а јас ја сфаќам таква каква што е прикажана во законот, не би се чувствувала многу пријатно некој да се грижи за моето движење како странец во било која држава во Европската Унија.

За да пратениците имаат претстава за што станува збор, дозволете ми да го прочитам членот 5.

Полициски работи во смисла на овој закон се дејствија на полициските службеници што се однесуваат на заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните.

Заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други, со закон,

определени мерки, со гонење на сторителите на тие дела.

Одржување на јавниот ред и мир, регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата, контрола на движење и престој на странци. Ова е спорниот став.

Потоа продолжува - обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница, укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба,

обезбедување на определени личности и објекти и други работи утврдени со закон.

Значи, Спиро Мавровски вели дека воопшто не би бил среќен кога тој како турист би отишол во некоја европска земја и поради тоа само што е државјанин на некоја друга земја, би бил следен. Не би се чувствувал многу пријатно некој да се грижи за моето движење како странец во било која држава во Европската Унија или оние кои не се членки на Европската Унија, можеби вака грубо звучи, но имаме точно сознание дали се работи за следење на странци кои влегуваат илегално, што би било во ред, или влегуваат на легален начин во државата, па треба да бидат следени затоа што самата контрола на движење и престојот на странци дава една ситуација која, верувајте, ние и господата од Европската Унија нема да го поддржат затоа што вакви контроли мислам дека едноставно некогаш е завршена работа од минатото за која говоревме пред многу години и не се чувствуваме пријатно токму од тие ситуации.

Доколку во законот не регулираме кои странци ќе бидат следени, претпоставувам дека овој член од законот, мислам на членот 5 може да биде злоупотребен како што се злоупотребувани бројни други членови од бројни други закони.

Каква држава би биле доколку секој странец кој ќе влезе во државава го следиме. Ако во закон сме напишале дека треба да го следиме, значи треба да го следиме. Се надевам дека тоа е случаен пропуст или дека веројатно ќе добијам одговор дека тоа ќе биде регулирано со подзаконски акти и очекувам да биде регулирано со подзаконски акти затоа што ако помине вака како што е кажано овде во овој закон, тогаш сметам дека ќе биде проблем.

Алинејата 8 - обезбедување на определени личности и објекти, мислам дека со подзаконски акти или на било кој друг начин треба да се обезбеди кои се тие личности и објекти, вели господин Спире Мавровски.

Претпоставувам дека се сите амбасади во Република Македонија, според сите меѓународни договори и правила, но во секој случај определени личности не дефинира многу. Значи, што е тоа “определени личности” - прашуваме.

Тука можеме да земеме личности за кои во последно време гледаме дека некои полицијата ги заштитува и се поставува прашање од граѓаните дали е тоа така, зошто е тоа така законски ли е или не, ова не е дел од стенограмот, ова јас го додавам.

Понатаму, во членот 15 став 4 алинеја 2, тоа го има и во некои други ситуации каде се работи за стажот кој треба да го имаат единиците т.е. регионалните центри за гранични работи, централните полициски служби.

Тука имаме работно искуство во полицијата од најмалку 12 години од кои 6 години на раководно работно место. Во многу закони имаме вакви ситуации каде, верувајте ми, тие 12 години се сепак премногу. Јас го ценам искуството, во секој случај, но во меѓувреме се случија големи технички промени:

Прво, од областа на техниката, од областа на она што значи нови млади кадри кои можат ова да го направат од областа на образованието. Значи, луѓе кои завршиле Полициска академија, луѓе кои владеат со сегашната техника и начинот на работење со неа така што 12 години стаж и 6 години работно искуство на раководно работно место, мислам дека е нешто неиздржано.

Мој предлог е ова да се преполови на 6 со 3 години и покрај тоа што гледаме дека работното искуство и во однос на сектори на определени претпријатија секаде е 5 години работно искуство. Но, во овој случај ценам дека полицијата има посебни активности, но сепак она што пред 12 години значело нешто, начинот на кој се развива целата технологија и се ова што значи напредок во техниката ќе донесе ситуација сигурно помладите да имаат поголема предност во вработувањето или во оваа ситуација.

Понатаму членот 16, мислам дека треба да најдеме начин да се допрецизира. Допрецизирањето би се однесувало уште во стартот заради заштита на безбедноста на Република Македонија, кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем.

Членот 16 гласи: тој го коментиравме, но да бидеме во тек за што станува збор, со бирото раководи директор кој на предлог на министерот го именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од 4 години.

За директор на бирото може да биде именувано лице кое, покрај општите услови за засновање на работен однос во полицијата предвидени со овој закон ги исполнува и следните посебни услови.

- да има завршено соодветно високо образование;
- да има работно искуство најмалку 12 години и тн.

Значи, сега тука се фокусираме на она што се вика јавен ред и мир нарушен со поголем обем. Ова второто или заради спасување на луѓе и имотот при природни непогоди и други несреќи.

Директорот на бирото може од полициските службеници да формира полициски единици за извршување на определени задачи. Значи, јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем. Тоа треба да го знаеме што е затоа што и вие како министер и Владата или власта, тоа се однесуваше на другите не на овој министер и не на оваа Влада и власта што во тој момент владее, мислам дека можеме да донесеме една погрешна одлука во однос на нешто што го предвидуваме дека е нарушен јавниот ред и мир во поголем обем, а тоа да биде дали некој собир или некоја манифестација која на тој начин може да се сфати многу погрешно е нарушување на јавниот ред и мир.

Затоа, дали подзаконските акти или подзаконски акт, дали во самиот закон во членот 16 има можност што значи тоа нарушување на јавен ред и мир и што значи тоа во поголем обем.

Мислам дека тоа треба да се дефинира.

Во членот 19 повторно имаме со секторот за внатрешни работи раководи началник каде повторно во алинеја 2 имаме да има работно искуство во полицијата од најмалку 12 години од кои 4 на раководно место и повторно предлагам ова да биде намалено на половина што значи 6 и 2 години.

Началникот на секторот за внатрешни работи, а тоа е став 3, го назначува и разрешува министерот во транспарентна и изборна постапка.

Транспарентна изборна постапка во оваа ситуација апсолутно не е потребна затоа што сигурно вие тоа ќе го направите, се разбира дека господин Спиро Мавровски во овој момент зборува иронично. Но, не мора да биде така сватено, може да биде многу сериозно, еве сериозно ќе продолжиме транспарентноста или треба да се прикаже со она што е оглас и начин на кој вие ќе продолжите, предложените кандидати во оваа ситуација мислам дека овие зборови после министерот, би била точка и тука би завршило како предлог во натамошната . . .

**Љубиша Георгиевски:** Добро, со оглед на мои протоколарни обврски, паузата ја давам малку порано продолжуваме во 15,00 часот. Благодарам.

Продолжуваме со зборот на госпоѓа Јаневска.

(Пауза од 13,52 часот)

**(**По паузата седницата продолжи со работа во 15,06 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Продолжуваме со Шестата седница, со претрес по текстот на Предлог на законот за полиција.

Зборот го продолжува госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе.

Членот 21, продолжувам со стенографските белешки по повод текстот на законот, членот 21 мислам дека е еден од клучните за она што досега говоревме. Тоа е локалната самоуправа. Начинот на кој што во членот 21 се избира командирот, односно се врши избор на командир на полициска станица давање неколку можности, од кои, познавајќи ја моменталната ситуација и начинот на кој што политички сме сите, еве, на некој начин позиционирани, може да доведе и до ситуација вакви командири да нема повеќе време да дојде до оваа ситуација, што сигурно не ја сака никој и тогаш да дојде до ситуација за сите овие командири да имаме состојба што директно министерот, сега овој, а тогаш тој, понатаму можеби некој друг, ќе биде во состојба да го избира овој командир. Тоа се коси со Законот за децентрализација, за што велиме дека треба да се спроведе, а не да бидат луѓето под влијание на централната власт.

Мислам дека соработката со локалната самоуправа, градоначалникот, советот на општините мора да биде во секој случај, затоа што, еве за информација на јавноста командирот се избира со мнозинство на гласови од вкупниот број на советници од страна на советот на општината во која што е сместена полициската станица од општа надлежност на Министерството, од листа што содржи најмалку тројца кандидати и е предложена од страна на министерот, а од кои, барем еден кандидат припаѓа на заедницата што е во мнозинство во тие општини. Тоа е првиот став.

Вториот став: “Ако советот на засегнатата општина не избере ниту еден од предложените кандидати, во рок од 15 дена од денот на доставување на листата министерот ќе предложи втора листа што содржи најмалку тројца нови кандидати, меѓу кои барем еден кандидат да припаѓа на заедницата што е во мнозинство во тие општини”. Тоа е вториот дел што повторно Владата го предлага. Тоа значи шест кандидати.

“Ако и по спроведувањето на постапката од ставот 4 на овој член советот на засегнатата општина повторно не избере ниту еден од предложените кандидати, во рок од 15 дена од денот на доставување на листата, министерот, по консултација со Владата, ќе го избере командирот на полициската станица од општа надлежност од двете листи на кандидати предложени од минситерот, како и тројца дополнителни кандидати, предложени од страна на советот на засегнатата општина.

Пред да продолжам со стенографските белешки, од ова што сега го кажав произлегува комплетна контрадикторност. Тројца што советот не ги прифаќа, уште тројца што советот не ги прифаќа, уште тројца, наводно нови, а министерот може да избере од првите шест. Значи, некој кој советот, за градоначалникот воопшто да не зборуваме, значи општината, делегираните луѓе од советот воопшто не ги прифаќаат претставниците на заедницата, на таа општина, не ги прифаќаат, што значи нема децентрализација. Ова е само некаква формална логика со која што наводно, ќе ги залажуваме граѓаните дека државата работи во нивна корист.

Ако не се изберат тие од шест луѓе, ниту еден не е подобен, зошто тие шест плус други тројца би биле повторно кандидати? Ако еднаш не се изберат, тројца, ако втор пат не се избрат, тројца, која е логиката тие шесторица повторно да бидат на листата за предлог на министерот? Сметам дека ова е, навистина, нелогично.

Да продолжам, доаѓаме во ситуација кога од девет кандидати ќе избереме еден и повторно ќе го избере министерот или Владата на предлог од министерот. Значи, на луѓето таму ќе им натуриме

совет кој ние од централнта власт сметаме дека треба да биде. Се разбира дека тоа ќе се прави по некој критериум. Верувам во добрите намери на Владата, на министерот, но ова е нешто што се коси со Законот за децентрализација. Ние, или ќе ги усогласуваме законите за да имаме функционално единство во државава или треба да ги менуваме, дополнуваме и понатаму нешто да преземаме, за да може државата да функционира. Како централната, така и локалната власт. Мислам дека оваа, вели Спиро Мавровски, комуникација помеѓу локалната самоуправа и Министерството за внатрешни работи мора да биде поголема, затоа што и граѓаните и оние кои ја водат локалната самоуправа, сигурно дека ги познаваат луѓето во своите подрачни единици од Министерството за внатрешни работи, имаат свои мислења, имаат свои комисии кои што работат токму на полето на безбедноста и дека во консултација може да се донесе многу подобро решение.

Се разбира, за стручноста и за квалитетот на предложениот кандидат, сигурно дека министерот ќе биде последниот кој ќе го даде својот глас, но пред изборот да не се случуваат овие работи, девет кандидати да се направат за една локална единица, за самото Министерство за внатрешни работи, а после тоа, само може да претпоставите која ситуација ќе биде за понатамошното работење во истата полициска станица. Мислам дека ќе биде многу страшно.

Зошто ќе биде многу страшно? Доколку од овие шест, кои се одбиени, министерот, не познавајќи ги луѓето, работејќи сосема легално, разгледувајќи го неговото СВ-и неговите професионални квалитети и да претпоставиме дека тој ги исполнува сите услови да биде поставен за командир на полициската станица во некоја општина, ќе постави еден од шесте кои се одбиени. Како граѓаните во таков човек ќе имаат доверба? Како тој ќе ги почитува советниците кои не го избрале? Како ќе ги почитува граѓаните кои биле против него, оти советниците се претставници на граѓаните? Како ќе воспостави комуникација со советот, бидејќи законот го задолжува со извештаи, информации итн? Како ќе воспостави комуникација со градоначалникот кој не мора да е од истото мнозинство од кое е советот, може да е друга политичка партија? Како воопшто тој човек ќе има кредибилитет да работи со своите сограѓани во таа локална самоуправа, таму од каде што потекнува, доколу биде натурено решение и не по вина на Владата и не по вина на Министерството? Сметам дека тоа, навистина, би бил многу, многу сериозен проблем.

Се подразбира дека сите учесници во локалната самоуправа би требало единствено да работат и претпоставувам дека, не претпоставувам туку јас сум видела дека тоа некаде и функционира, нашето искуство во нашите општини покажува дека составот на советничките групи по општините може да биде дотолку исполаризиран и партиски и лично, па советот да има, навистина, исто така некаков купопродажен однос кон градоначалникот и кон сите државни функции во однос на локалната самоуправа, што навистина во одредени општини можеме да кажеме дека како граѓани се наоѓаме во незавидна ситуација. Ако на сето тоа сега му придодадеме наметнат командир, наводно од централната власт, кој секако ќе биде од нивната средина, но нема да биде по нивна волја или нема да биде по нивни терпит, нема да биде по нивните критериуми, ние не сме ја подобриле ситуацијата во борбата против криминалот, против криминалните дејствија, ниту ситуацијата во одржување на редот и мирот и бранење на правата на граѓаните.

Во членот 23 став 3, алинеја 2, повторно се работи за регионален центар за гранични работи, со кој што раководи началник. Во алинејата 2, повторно зборува за искуство од 12 години, од кои 4 години на раководно работно место. Колку што мене ми е познато, овој регионален центар за гранични работи се формира токму сега и полицијата сега ги презема овие ингеренции. Такви луѓе кои ќе имаат четири години раководно искуство и место и 12 години работен стаж во полицијата е во ред. Но, овие 4 години работно искуство на било кое работно место за мене е неприфатливо, затоа што сепак, вие самите знаете едно е во полиција да се биде човек, чиновник и на раководно место, а друго е човек оперативец. Тука, во оваа ситуација, каде што се работи за гранична полиција, што прв пат се воведува и што презема големи ингеренции од Министерството за одбрана, мислам дека треба да се најдат првите луѓе и оние што во моментот ги имаме на располагање, без разлика на работниот стаж, работното искуство и она што треба да го направи. Се разбира, не е без разлика на стручноста и едукацијата. И, се разбира, не без искуство.

Овие регионални центри, сигурно ќе бидат она што понатаму Република Македонија ќе ја држи и затоа што нашата Армија, знаеме и самите кон што не води. Останува полицијата понатаму да се грижи за границите на Република Македонија.

Во членот 62, ставот 3, “Намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири пред започнување со активноста, полицијата може јавно да ја соопшти”. Јас мислам дека зборот “може” апсолутно не треба да стои тука. Или зборот “мора” или без него.

Ваков амандман имаше госпоѓа Роза Топузова Каревска, но тоа не значи дека и другите не можеле тоа да го согледаат. Еве, како што гледате и во прво и во втора и во секоја некоја наредна фаза на било кој закон, а следи Предлогот на закон за следење на комуникациите, сметам дека вакви пропусти не смеат да се прават од веќе познати причини за кои што досега зборував.

Нашата политика во континуитет го поддржува обликативниот облик за информацијата, за снимање ауди, видео, мониторинг на јавните места. Полицијата јавно да соопшти дека има снимање на јавни места и собири пред започнување на активностите. Зборот “може” мора да биде отстранет или да биде заменет “треба” или “мора”.

Во членот 84, “Употреба на огнено оружје спрема лице”, го регулира тоа членот 84, за мене има две нејасни работи. Можеби не сум голем познаник на ситуацијата во Министерството за внатрешни работи, но гледајќи што се случува низ Република Македонија, посебно би го коментирала ставот 2, алинеите 2 и 3.

Во алинејата 2 и 3 се работи за употреба на огнено оружје:

“Полицискиот службеник е овластен да употреби огнено оружје кога е тоа опсолутно неопходно и кога со употреба на другите средства за присилба полициските работи не можат да бидат извршени”.

Алинејата 2 говори да се спречи извршување на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор во траење од најмалку 4 години. Да спречи бегтсво на лице затекнато во извршување на кривично дело, за што може да се изрече казна затвор од 10 години или потешка казна или лице за кое е распишана потерница заради извршено такво кривично дело.

Вториот дел од алинејава 3 е во ред. Но, еден полицаец во извршување на својата работа, за да спречи извршување на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од најламку 4 години, мислам дека е многу некоректно во смисла да е многу непрецизно и дава сега за право сите полицајци да треба да бидат правници, во дадениот момент да знаат дали е тоа 4 години или три и пол години казна затвор или 10 години или 35 години затвор, па да употреби оружје или да не употреби оружје. Мислам дека тука треба да се дефинира за кои и какви дела полицаецот може да употреби службено оружје. Не да се предвиди каква казна, туку да се каже во кои случаи, конкретно и да се прецизира, колку што е можно повеќе, полицаецот да има право да посегне по службеното оружје. За какви дела полицаецот може да употреби службено оружје, освен она што со другите алинеи и ставови, каде што полицаецот мора да употреби службено оружје, во самоодбрана и во другите услови кога треба да биде прогонет или фатен извршител на кривично дело.

Понатаму, членот 99. Мислам дека тоа ќе предизвика бура од реакции и ќе морате да го дефинирате. Би коментирала.

Полицискиот службеник може да извршува самостојна или дополнителна стопанска или професионална дејност по претходна согласност со министерот, на начин и под услови утврдени со посебен закон. Во претходната моја расправа не се осврнав на овој член и на оваа материја затоа што, секако, планирав да ги погледнеме стенографските белешки. Бидејќи видов дека тоа е еднаш искоментирано, изненадена сум зошто ниту еден друг пратеник, можеби дел од дискусиите пропуштив, се извинувам, но барем во она време во кое што јас сериозно ја следев расправата никој не дискутираше по оваа тема што исто така сметам дека е значана. Тоа е ставот 1.

Ставот 2-полицискиот службеник и дејноста од ставот 1 на овој член, е должен да ја врши надвор од работното време во Министерството и на начин, вршењето на таа дејност да не влијае врз законското и правилно извршување на полициските работи. Дали ова дозволува за луѓето кои се вратени во полицијата да работат во Агенција за обезбедување. За да нема забуна, за да биде појасно она што го зборувам, јас ќе се осврнам на член 99, значи тоа кои работи можат да ги вршат полициските службеници надвор од работното време и како дополнителна работа. Дали на овој начин, надвор од работното време, некој ќе може да ги ангажира полицајците, полицаец да биде ангажиран како професионалец во Агенција за обезбедување, а од друга страна да работи во МВР. Ако е тоа овој член, тогаш мислам дека треба да се размисли и ако има таква можност дали  со ваша согласност, или со подзаконски акт, ќе мора да се дорегулира, бидејќи вака како што стои, мислам дека не е во ред.

На крајот имам уште една забелешка на членот 104 каде се говори за психофизичката и општа здравствена состојба на полицискиот службеник, за вршење на полициските работи, ја оценува здравствена комисија.

Ставот 2 вели-здравствената комисија од став 1 на овој член, ја формира министерот на предлог на Бирото и има пет членови од кои најмалку тројца лекари.

Во однос на комисиите кои треба да ја оценуваат психофизичката и општата здравствена состојба на полицискиот службеник, во принцип сметаме дека е сосема во ред. Но, во однос на составот на комисијата не сме согласни и сметаме дека освен лекари таму треба да се наоѓаат други стручни професии и дека тоа  треба сериозно да се дефинира.

Понатаму, од стенографските белешки гледам дека госпоѓа Марија Којзеклиска рекла-она што е дадено во причините и она врз основа на што е изготвен овој закон е стратегија за реформи во полицијата, усвоено од Владата на својата седница одржана дури на 11.08.2003 година и веривикувана од структурите на Европската комисија во Брисел.

Второ, Акциониот план за имплементација на процесот на реформи во полицијата, усвоен на седницата на Владата одржана на 11.01.2005 година. Значи, дури 10 месеци по усвојувањето на

Акциониот план ние го имаме на маса Предлогот за донесување на закон за полиција, значи во прва фаза. Значи законот за полиција можеше да биде донесен во составот на претходната Влада, но еве и тоа не одело така како што треба, па сега ова Собрание треба да го донесе. Факт е дека предолго се чекал овој Предлог за донесување на закон да дојде во собраниска процедура и се почека подолго за сега да дојде во собраниска процедура. Тоа е во тој дел.

Важноста на овој закон за полиција, извира од фактот што полицијата, почитувани колеги, е единствен орган на државата која постапува преку легална присила и поради спецификите на работењето од сите други органи во државата. Значи со законот за полиција им се дава во легална присила да ги остваруваат функциите на полицијата. Факт е и тоа дека ниту еден друг орган со своето дејствување не може да влијае на психичкиот и на физичкиот живот на луѓето и граѓаните и нивниот интегритет, како што тоа може да го прави полицијата. Значи важноста на овој закон извира токму од овие специфики.

Животот, психичкиот и физичкиот интегритет на човекот се неприкосновени, а слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот на Република Македонија, како највисок правен акт. На секој граѓанин во Република Македонија му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот, на неповредливоста на домот и на личните податоци. Овие слободи и права имаат фундаментална и егзистенционална важност за личниот и општествениот статус на секој граѓанин односно на нивната реализација или ограничување од страна на државните органи. Во конкретниот случај, ќе се вратам на Предлогот за донесување на закон за полиција од кој многу зависи оценката на степенот на демократијата во државата. Од тие причини, почитувани колеги, Предлогот за донесување на закон за полиција треба да си најде содветно место во општествениот живот на Република Македонија затоа што се работи за граѓани на оваа држава.

Би сакала на кратко да кажам некои свои размислувања и можеби во некои делови ќе се поклопам со колегите, или ќе посочам на некои од нивните дискусии и она што се зборуваше на комисиите, а тоа е во делот на тоа дека постојниот Закон за внатрешни работи во себе ги содржеше и полициските работи. Сега во овој Предлог за донесување на закон, ние од Законот за внатрешни работи ја вадиме полицијата, им ги даваме овие надлежности кои ќе бидат и во втора фаза допрецизирани, се надевам, но добро, бидејќи ги имаме во истиот закон со иста форма како што беше даден, а Законот за внатрешни работи ни останува како посебен сегмент што секако, јас верувам дека и министерот ќе се согласи дека треба да претрпи соодветни измени. Тогаш министерот рече не се согласил, а новата Влада го презеде таков каков што е, значи и тие не се согласиле, со оглед на фактот дека ние ги вадиме надлежностите на полицијата, даваме посебен закон за полиција што до сега беше во состав на Законот за внатрешни работи. Секако, со овој Предлог-закон има најверојатно имплементирано доста подзаконски акти од начинот на работа на полицијата, кои сега се подигаат на ниво на закон. Некои од колегите го спомнаа претходното, но меѓутоа јас ќе го потенцирам членот 9 во кој се вели дека министерот за внатрешни работи од Владата доставува писмен извештај до извршителите на полициските работи, најмалку еднаш годишно. Меѓутоа, во ставот 2 не иритира тоа што факултативно е спомнат извештајот кој треба да дојде до Собранието на Република Македонија, што на крајот на кариштата го избира министерот за внатрешни работи, независно од каде доаѓа и тоа само по нивно барање, значи без задолжителност, како што е тоа наведено во ставот 1 од членот 5.

Можеби и Министерството во наредната фаза треба да размисли дека такво доставување на извештај од министерот за внатрешни работи, во вид на писмен извештај, за извршените полициски работи, најмалку еднаш годишно, задолжително да ги доставува до Собранието на Република Македонија. Но тоа не се случи, почитувани колеги пратеници, нема измени во членот 9 и нема облигација за министерот да доставува извештај еднаш годишно до Собранието, значи за она што треба да биде контрола на работата на Министерството, бидејќи Собранието има право тоа да го прави. Значи имаме нов начин, или нова организациона структура, дадено во овој Предлог.

Колегата Јанаќе Витановски кажа како ќе изгледа политичката поставеност, структурата, се согласувам до некаде, со критериумите кои се дадени за она што треба да го исполни началникот на Секторот за внатрешни работи, на командирот на полициската станица. Сепак луѓето треба да имаат доволно искуство за да можат да ја обавуваат таа функција која им се дава. Со овој закон се регулира и обезбедувањето на државната граница и контролата на преминување, со формирање на четири регионални центри за гранични работи. И сега во глава 4 имаме детално разработување на полициските овластувања, или тоа во членот 25 значи 18 наведени политички овластувања кои се до танчина дадени во овој Предлог за донесување на закон, дури и при употреба на службено куче, кога треба да се носи корпата и кога не треба. Значи до таму, до тие детали има одено МВР. Меѓутоа, би сакала да го посочам членот 41 кој се однесува на повикувањето, а во врска со членот 39 во кој се вели дека полицијата е овластена да врши усно повикување. Меѓутоа, не се наведени причините или случаите кога може да се врши усно повикување, во исклучителни случаи, или во некои други околности кои бараат тоа лице итно

да биде повикано. Меѓутоа, во колизија е и со членот 39 во кој е наведено дека е овластена писмено да ги повикува граѓаните. Ако веќе сакаме исклучок што е во согласност со членот 41, по исклучок, заради голема опасност од извршување на кривични дела и тн., може да биде повикано лицето усно.

Во членот 59-полицискиот службеник е овластен да изврши собирање, легитимирање, преглед или пресрет на лице, превозно средство и багажот кој лицето го носи со себе, кога тоа е неопходно, заради наоѓање на предмети погодни за напад или за самоповредување, или кога постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се најдат треги на кривично дело и предмети кои можат да послужат како доказ. Сега не ми е јасно дали овој дел ќе се употребува во сите случаи, или ќе се врши по пат на случаен избор, затоа што се работи за собирање, легитимирање или по претходно укажување дека лицето НН, ќе се движи по тој пат, или ќе оди таму, па полицискиот службеник ќе може да го сопре и да го легитимира. На крајот на краиштата полицискиот службеник ќе утврди дали тие предмети се погодни за напад или пак се погодни за самоповредување. Значи полициските злужбеници им се даваат нови обврски, во овој Предлог за донесување на закон. Тука јас повторно би прокоментирала за злоупотребата и секогаш и бескрајно долго ќе зборувам за злоупотребата.

Полицискиот службеник до колку ме запре и ме легитимира од за мене непознати причини, без да направам било каков прекршок, ниту сообраќаен, ниту било каков прекршок и побара да го отворам багажникот на колата и во неа најде безбол палка со која моите внуци, на пример играат безбол, може ли тој предмет да го прогласи како предмет за нанесување на повреди, или за самоповредување, за опасен предмет или неопасен предмет. Претпоставувам дека ваквото нешто ќе биде некаде регулирано, но пак со закон треба да се регулираат како што и каде има право полицискиот службеник, во кои случаи тоа да го направи, дали на секој граѓанин ќе му го отвори багажникот на колата, дали на секој граѓанин на кој ќе му најде безбол палка во багажникот, ќе биде обвинет дека поседува предмет погоден на пример за самоповредување. Претпоставувам дека тоа тие кои се искусни, ја работат таа работа и сериозно се однесуваат во својата работа и не ја злоупотребуваат, нема шанса да го сторат тоа. Но пак со оглед на тоа дека секаде, не само во Македонија, низ цел свет постојат луѓе кои можат тоа да го сторат, се прашувам како граѓанинот кој ќе се најде во ситуација да биде сопрен и легитимиран, ќе се одбрани од злоупотребата на полицискиот службеник.

Во врска со ова што колегите претходно го спомнуваа, мислам дека беше употреба на огнено оружје спрема лица. Полицајците, значи, треба да бидат обучени и да знаат за кои кривични дела може да се изрече казна затвор во траење од најмалку 4 години, за кои кривични дела ќе може да се изрече казна поголема од 10 години, или потешка казна. Значи постојана едукација на полициските службеници е неопходно потребна, ако сакаме да се имплементираме во ЕУ.

Овде зборуваме, не само јас, како што гледам и пратениците од претходниот состав на Парламентот, за нешто што навистина сметам дека е сериозна материја. Значи како да ги обучиме полицајците да станат правници. На претходните седници на Собранието стана дискусија како да ги направиме полицајците да бидат полиглоти. Јас мислам дека би било многу убаво кога сите наши полицајци би имале завршено Правен факултет и покрај македонскиот, албанскиот, турскиот, српскиот, ромскиот јазик, би знаеле и англиски и германски и француски, а зошто да не и кинески, во оваа земја поминуваат и Кинези, зошто да е и Јапонци, во оваа земја врват и Јапонци. Би била пресреќна кога нашата полиција би била на такво високо ниво. Но, тоа ми се чини дека и нема потреба да го бараме од луѓето. Од луѓето треба да го бараме само она за што тие се задолжени. Но ако во законот им наметнеме дека треба да имаат Правен факултет, па им наметнеме дека треба да знаат македонски,албански, турски, српски, ромски и англиски, заради взаемното влијание и ние сакаме Меѓународната заедница да биде тука, па и француски, како дипломатски јазик, а и германски, како силно влијание во светската економија, тогаш сметам дека ќе имаме сериозен проблем со кадарот во полицијата.

Во членот 62-Снимање на јавни места.

Ставот 2 вели-Кога постои опасност на јавните собири да се загрози животот, здравјето на луѓето и имотот, полицискиот службеник е овластен да врши видео снимање или фотографирање на јавен собир. Дали тоа исклучиво се однесува само кога постои опасност, или во секој друг случај, затоа што одиме наназад ние сме сведоци на тоа дека и безопасност, дефинитивно до сега било безопасност, јавните собири и митинзи беа снимани од страна на полицијата или соодветни служби во полицијата. Значи не сум јас параноидната во ова Собрание. И други мислеле исто како мене, ем од мојата партија, ама и од други парти, тврдат дека сме снимани и не е ни чудо. На секоја политичка трибина по два-три дена во јавните гласила излегуваат сликите на оние првите партиски борци да се видат јавно и во весниците, но не само во весниците, тие снимки стигнуваат и на други места, во некакви си досиеја кои наводно постојат, па наводно не постојат. Значи снимани сме биле од полицијата.

Сега намерата, во ставот 3 од овој начин за спроведување на снимање, полицијата јавно ќе го соопшти. Тоа е нешто ново и е добро. Меѓутоа јавното соопштување дека и таму и таму ќе се снима, дали ќе оди преку средствата за јавно информирање, или на некој друг начин, не сме

регулирале во законот. Во секој случај е некоја новина, а дали ќе заживее, тоа допрва треба да го видиме.

Ќе потенцирам дека до сега имавме снимање од страна на полицијата, посебно кога се однесува на јавните собири.

Употреба на средствата за присилба, ставот 4 вели-Полицискиот службеник секогаш ќе употреби средство на присила со кое со најмалку штетни последици ќе ја оствари целта. И така да е, како што е наведено во Предлогот за донесување на закон, факт е дека треба да се има искуство, посебно полициско искуство за да се оцени колку ќе бидат штетни последиците од примена на присилба за определени лица. Значи искуството кое треба да го поседуваат полициските службеници мора да биде на високо ниво за да немаме после претставки до МВР, до Јавниот обвинител, по загрузување на физичкиот интегритет на лица  и тн. и потоа постапка за утврдување дали полицијата ги пречекорила своите овластувања, или не ги пречекорила.

Значи, и во оваа фаза на донесување на овој закон се зборуваше за пречекорувањето на овластувањата на полицијата, па се спомнуваа некои малцинства, па се спомнуваа некои единици од полицијата од кои се очекува да работат по улиците на територијата на оваа земја, да гонат криминалци. И се отвора една сериозна јавна дискусија не само во медиумите и граѓаните, туку и во Парламентот на Република Македонија, дали полицијата ги пречекорила своите овластувања. Сметам дека Парламентот на оваа земја е релевантно место каде што треба да се зборува за тоа дали Алфите ги пречекориле, или не ги пречекориле своите овластувања. Но, мислам дека примесите и шлагот кој се додава во медиумите и во јавноста во однос на пречекорувањето на овластувањата на полицијата треба да бидат многу поодмерени од две страни. Од една страна што полицијата мора да ја врши својата работа и нечесно е таквата сериозна и тешка работа да биде оквалификувана како пречекорување, ако некој смета дека тоа ќе му донесе некаков поен, и апсолутно е нечесно полицијата која има таква сериозна и одговорна работа да направи пречекорување во било кој момент на своето функционирање.

Општо познато е дека такво нешто и може да се случи, но еве, да речеме дека можеби е и оправдано во некакви сериозни специјални и многу тешки ситуации кога имаме препукување, употреба на оружја, гонење на криминалци, или на криминални банди, или на вооружени банди, или на терористички банди, некако и да прифатиме дека може да се случи пречекорување на овластување, затоа што ситуацијата била таква. Но, не можеме да прифатиме после тоа да нема одговорност на оние кои го пречекориле овластувањето и дека државата не ќе превземе никакви мерки за да истражи дали навистина е сторено пречекорувањето на овластувањето, или не е сторено.

Во членот 75, последниот став кој вели: Полицискиот службеник е должен да обезбеди лекарска помош на повредено лице спрема кое е употребено средство на присилба доколку е тоа неопходно и ако тоа го дозволуваат околностите. Значи, доколку се случи од определена употреба на присилба лицето да биде повредено, полицискиот службеник е должен да му обезбеди лекарска помош ако дозволуваат околностите во соодветен медицински центар, или здравствен дом да му биде укажана лекарска помош.

Членот 76 вели: Основаноста, оправданоста и правилноста на употреба на средства за присилба во секој конкретен случај ја оценува непосредниот раководен полициски службеник. Непосредниот раководен полициски службеник го известува надлежниот јавен обвинител за секоја употреба на огнено оружје. Дали се мисли одкако ќе биде употребено, или веќе имаат намера да го употребуваат огненото оружје. Навистина е нешто за кое може од толку што е сериозно да предизвика и потсмев. Вака како што е наведено полицискиот службеник за секоја употреба на огнено оружје мора да го извести надлежниот јавен обвинител доколку се работи за подрачје на основен суд.

Јас би сакала да укажам нешто друго. Тоа е членот 76, став 3 каде оправданоста, основаноста и правилноста на употреба на огненото оружје и употребата на средствата за присила кога е предизвикана тешка телесна повреда, или настапи смрт на некое лице, или кога средството за присилба е употребено против повеќе лица ги оценува организационата единица на Министерството надлежна за вршење на внатрешна контрола која ги разгледува околностите под кои е применето средството за присилба. Колку што знам во Министерството за внатрешни работи постои сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди за случаите за пречекорување на овластувањата и утврдување на дисциплинска одговорност на полицаец.

Сметам дека со овој закон Министерството за внатрешни работи треба да посвети поголемо внимание на внатрешната контрола во работата на Комисијата како резултат за спречување на постоењето на големиот број на претставки кои доаѓаат од граѓаните. Тоа е во едниот сегмент. И во вториот сегмент, како превенција од постоење на такви постапки.

Секако дека министерот за внатрешни работи и Министерството имаат контакти со надлежните министерства во останатите земји. Сметам дека во овој закон многу малку внимание е посветено на внатрешната контрола посебно во превенција на настанување на случаи на пречекорување на овластувањето од страна на полициските службеници. Мислам дека Министерството треба

да посвети малку поголемо внимание во делот на внатрешната контрола.

Задолжително го имаме членот за рамноправност на припадниците. Нема закон, а да нема таков член со кој ќе се почитуваат и критериумите на стручност и компетентност.

Во Членот 99 и членот 100 кажаа претходните колеги, значи на полициските службеници им се дозволува, овие два члена се нови во функционирањето на полицијата. Членот 99 се однесува на вршење на дополнителна самостојна дејност на полициските службеници со согласност на министерот, ако тоа го дозволува посебен закон.

Членот 100 се однесува на фактот дека на полицискиот службеник му се дозволува членување во политичка партија со самата формулација на член 100, и на одреден број забрани во спроведувањето на вршење на својата професионална дејност. Така што ова навистина е новина во законот за да им се дозволува на полициските службеници да бидат членови на определена политичка партија. Можеби некои други закони ќе мора да претрпат промени, а не во делот на полицијата, или Министерството за внатрешни работи, затоа што знаеме дека избраните и именуваните и сите други вработени во органите на државната управа се членови на некоја политичка партија. Добро е што Министерството увидело на време дека не можат на своите вработени да им го забранат членувањето во политичка партија, секако со ограничувања кои се дадени во членот 100, а кои јас лично како пратеник во Собранието мислам дека во однос на ставот 1 треба да се избрише, а останатите да останат.

Понатаму, јас коментирам и на Законодавно-правната комисија за членот 104 за психофизичката и општата здравствена состојба на полицискиот службеник за вршење на полициски работи и за здравствената Комисија која треба да го оценува тоа. Овој член мора да се гледа во корелација со членот 111 во кој се вели, дека работата на полициските службеници се оценува во втората половина од месец декември за тековната година. Меѓутоа, оценката овде се формира врз основа на податоците кои се однесуваат на стручноста, знаењето, способноста, работната дисциплина и работните карактеристики пожртвуваност, уредност итн. Меѓутоа, никаде го нема критериумот психофизичка способност, а Комисијата во која има тројца лекари е задолжена да ја процени психофизичката способност на полицаецот покрај се ова друго што треба да го направи. Знаејќи ги спецификите на вршењето на полициската служба сметам дека најмалку барем на две години, ако не е подобро и еднаш годишно, меѓутоа сигурно на две години секој од полициските службеници на кои се однесува овој закон, значи лица кои се униформирани и неуниформирани, а се со полициски овластувања треба да бидат подложни на проверка на психофизичката и општа здравствена состојба токму заради фактот на работните задачи што ги имаат: немаат ограничено работно време, работи за време на викенд, навечер и за време на празници, така што не мора секогаш повредата на работа и професионално заболување да биде причина за проценка на психофизичката состојба токму заради наше побрзо имплементирање, или имплементирање на полицијата во современите полициски структури кои неопходно се наметнуваат во последно време и различните видови на криминал, различни облици на криминал кои се појавуваат како што се транснационален криминал од сите можни области.

Членот 107 се однесува на лице кое по барање на полициски службеник укаже помош на полицијата, а по тој повод биде приведено, се разболи, или биде спречено за работа најмалку три месеци, а не е осигурано по друг основ, има право на лекување на трошок на Фондот за здравствено осигурување, а во случај на инвалидност, или телесно оштетување има право на пензиско осигурување на товар на Министерството како и полициските службеници.

Почитувани колеги, ако веќе лицето кое по барање на полициски службеник дало помош на полицијата и во случај на негова инвалидност, или телесно оштетување, со тоа што да не заборавиме телесното оштетување може да биде од 10 до 100%, не може да се прави разлика, во случајот има телесно оштетување, или ако настапила инвалидност да биде на товар на Министерството, а во сите останати случаи ако не е осигуран по ниеден друг основ, да биде на товар на Фондот за здравствено осигурување. Ако веќе тука е на товар на Министерството истото лице, тогаш зошто да не биде и лицето кое било повредено, било спречено, или се разболело кога укажувало помош на полицијата. Значи, во тој одреден момент тоа како да фунционирало, како да е службеник во полицијата. Министерството требало да размисли, дали ова нема да предизвика дополнителни промени. Ќе бара дополнителни промени во Законот за здравствено осигурување каде се регулирани надлежностите на Фондот за здравствено осигурување и привилегии што значи повлекување промена на правилници со кои се уредува начинот и правата на осигурениците при задолжително здравствено осигурување. Ова само како укажување. Значи, еден пропуст кој ќе се направи во еден закон повлекува промена на бројни други закони и правилници и подзаконски акти на други закони. Во тој контекст во преодните и завршните одредби е дадено дека министерот во согласност со министерот за здравство да донесе подзаконски акт за здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое треба да заснова работен однос во полицијата. Начинот на нивното утврдување, роковите, начинот на контрола на

здравствената и психофизичката способност на полициските службеници токму во делот за кој јас зборував по членот 104, континуирана контрола на здравствена и психофизичка состојба на полициските службеници, но и на оние кои им помагаат и во даден момент се однесуваат како полициски службеници, иако тоа не се.

Јас би сакала тука да завршам и да кажам дека важноста на овој закон извира токму од фактот дека полицијата е единствен орган кој може со присила, легална присила да ја врши својата функција. Значи, непосредно се однесува на граѓаните на Република Македонија, на личниот интегритет на граѓаните. Добро е што со вака голем број на одредби се допрецизирани во детали начинот на постапувањето на полициските службеници. Секако дека во одредени сегменти Министерството ќе ги прифати забелешките кои доаѓаат од колегите и оние забелешки најверојатно што ќе следат од експертите. Но, ние сме сведоци дека Министерството тоа не го направи, ниту она претходното, ниту ова сегашното, па сега сметам дека се наоѓаме во ќорсокак и дека ако толкав број на пратеници чија задача е да се грижат за законите, за добри закони, за донесување на закони, интервенираат во овој закон. Сметам дека и политичките партии чии претставници се пратениците и Владата треба да имаат доблест да ги послушаат сите оние кои дискутираат на оваа тема, а тоа не е малку. Јас ќе ви потврдам до крајот на дискусијата дека речиси повеќе од 120 луѓе, значи еден цел Парламент давале забелешки на овој закон. При тоа не мислам само на пратениците од овој состав на Парламентот, мислам и на пратениците од претходниот состав на Парламентот кога и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, на Народна, на ДУИ, на ДПА и сите други да не ги набројувам давале коментари на законот. Ако ја собереме вкупната бројка од тој Парламент и од овој Парламент имаме повеќе од 120 пратеници кои укажувале на неправилности во законот, а сепак Владата се оглушила, освен за неколку за кои јас навистина и благодарам и и честитам, неколку амандмани кои во оваа расправа беа прифатени. Сеуште има време Владата да поразмисли до крајот на расправата да искорегира некои делови од овој закон. Предлогот за донесување на закон за полиција, вели госпоѓа Којзеклиска: “Со надеж дека определени забелешки ќе бидат прифатени при изготвување на овој текст на Предлог закон за полиција”. Таа го поддржува, но се надева дека ќе биде тоа нешто поправено.

Господинот Жарко Караџоски на истата седница, значи 111 седница од 26.10.2005 година вели: “Почитувани пратеници и почитуван министер, еве денес можеби со право поминавме многу точки од она што ни е дадено на дневен ред”. Значи, станува збор за 111-та седница. Беше очекувано оваа точка да предизвика внимание и расправа. Секогаш е пракса во Собранието кога доаѓа еден закон кој се разгледува во прва фаза, или предлог за донесување на закон да посветиме повеќе внимание на она што ни се нуди и на потребата од тоа. Законот заслужува внимание од повеќе аспекти.

Прво, јас сум заложник кога се предлага некој закон да оди во редовна процедура и кога дискутираме во прва фаза да ги искажеме сите наши забелешки. И верувам дека претставникот на Владата, затоа што тука седи цел ден да ги слушне нашите забелешки. Станува збор за претходниот министер, за господинот Љубомир Михајловски. Еве сега и госпоѓата министерка има можност да ги слушне нашите забелешки. Значи, седи цел ден, таа ги слуша нашите забелешки, да ги прочита стенографските белешки се со цел да дојде до едно подобро решение, да се дојде до еден закон кој треба да биде имплементиран и кој треба да ја оправда својата основна цел поради која се нуди.

Тоа е една причина поради која сум заложник на една ваква процедура па од тој аспект, еве пофалба за предлагачот. Но, пофалбата е за процедурата.

Од друга страна, секогаш кога се нуди закон што во правниот систем на Република Македонија го нема, значи не постои, заслужува внимание да се разгледа по сите основи.

Закон за полиција во Република Македонија до ден денеска немало. Ова е прв пат, текст што се нуди и прво решение што предлагачот го нуди во насока на тоа да имаме еден посебен закон за полиција, иако, можеби, зборот полиција не е нов, ниту ова што овде е наведено како задачи, цели и надлежности, но тие не ни се непознати работ. Досега, во најголем дел беа апсолвирани во Законот за внатрешни работи.

Но, ние, граѓаните на Република Македонија сме навикнати, на некој начин, секогаш кога ќе се спомне Министерството за внатрешни работи тоа да ни асоцира на полиција. Јасно дали можеме да правиме разграничување меѓу овие цивилни служби внатре во самото Министерството за внатрешни работи и сето она што го подразбира Министерството, вклучувајќи ја највисоката точка а тоа е министерот, па се надолу по една хиерархиска поставеност итн. Сето она што го има внатре во Министерството за внатрешни работи како посебни служби.

Не можеби, туку сигурно една од тие причини е тоа што законот за полиција ја дефинира токму полицијата.

Она што претставува служба што и досега и отсега треба да го чува и да го обезбедува јавниот мир, ред и да се грижи за безбедноста во Република Македонија. Од сето тоа јасно е дека овој закон е лек специјалист. Тоа е неспорно. Сепак, бидејќи со овој закон предлагачот не предлага да престане да важи Законот за внатрешни работи, тој останува да важи. Овој сега ги издвојува членовите што во тој закон беа регулирани, а тоа се полициските работи сега се

издвојуваат во еден посебен закон, така што и едниот и другиот повторно ја прават целината, со тоа што сега добиваме еден лек специјалист за одредена служба, што овој пат е дефинирана во посебен закон.

Меѓутоа, почитувани колеги, секогаш кога разговараме, барем јас поаѓам од таа основа, кога разговараме за еден закон, што во секој случај повторно ќе кажам, е сепак новина, не може а да не се запрашаме сите овде дали воопшто имаме потреба од донесување на ваков закон. Значи, интенцијата на Владата во оваа расправа е токму таа.

**Љубиша Георгиевски:** Само јас знам што значи хендикеп и јас овде се побунив уште на самиот почеток.

**Весна Јаневска:** Добро е малку да ја релаксираме ситуацијава, ова е многу сериозно, како што еднаш веќе објаснував во Парламентот и сега ви објаснував дека ваквиот начин на водење на расправа во врска со законот за полиција, исто така преставува политичка определба и политичка борба за одредени нешта во Парламентот. И влегувањето и невлегувањето во салата и опсежните и кратките дискусии по повод законите кога не станува збор само за квалитативно подобрување на законите, се начини на легално пројавување на моменталната политика на одредени пратеници или одредени политички партии. Јас сум ви благодарна што тоа го разбирате и ви благодарам за чашата вода, неопходна ми е.

Да продолжиме понатаму.

Второ, дали тоа што за мене можеби е клучно прашање што сакам сите пратеници, колеги овде да го размислат и во своето размислување да го апсолвираат, тоа што сакам да кажам како причина, се надевам дека министерот за внатрешни работи ќе го испровоцирам да размисли дали со овој закон тоа што овој закон ќе го регулира во смисла за полициски работи од организацијата на полицијата, полициските овластувања, правата и обврските и т.н., ние на тој начин ќе дојдеме до побрза безбедност во Република Македонија. Значи, да не остане неразјаснето евентуално, не станува збор дали ни е потребен закон. Закон, апсолутно ни е потребен, но на кој начин ќе дојдеме до подобра безбедност во Република Македонија, се поставува прашање.

Понатаму, господинот Караџоски вели - или можеби основната задача на полицијата на Министерството за внатрешни работи е поголема безбедност односно граѓаните во Република Македонија да се чувствуваат побезбедни. Покрај овие причини што овде се наведени како наше прилагодување кон европското законодавство, акциониот план на Владата и т.н., не би сакал да ги повторувам, ниту да ги искажувам, ниту да ги оправдувам, ниту тоа за мене е клучно прашање дали ние сега со посебен закон правиме некаква реорганизација во Министерството за внатрешни работи, со тоа што ги издвојуваме полициските работи, полициските овластувања во посебен закон, со тоа што правиме една реорганизација на полицијата. Со тоа што даваме определени надлежности и што правиме на некој начин структурно разграничување, реорганизирање, отпишуваме кои се тие организациони единици и т.н. Тука, сепак, има доста новини. Дали тоа ќе придонесе во Република Македонија да дојдеме до поголема безбедносна состојба, тоа е основното прашање. Ако е појдовен мотив на предлагачот дека сепак ниту Република Македонија е изолирана од светот, ниту Република Македонија е некоја посебна држава на некое пусто острво, тоа е факт, меѓутоа факт е и тоа, ми се чини дека станува изолирана држава, но да се надеваме дека нема тоа така да продолжи. Меѓутоа, факт е и тоа дека ние сме секој ден изложени на што поголем криминал, изложени сме на поголема несигурност. Можеби тоа не потекнува само од Република Македонија, можеби се рефлектира и од другите земји, но факт е дека и како Влада и како Парламент и она што значи внатрешни институции да се бориме против тој криминал. Значи, неопходна е потребата да се бориме против тој криминал.

Нормално е да се постави прашањето, начинот на организацијата, начинот на кој што досега беше организирана целата оваа работа односно полицијата, дали може тука да се најде главна причина поради која што имаме определени случаи, неефикасни случувања, неефикасни мерки и т.н., не би сакал конкретно секој случај да го елаборирам. Се покажа и во пракса и сите овие 15 години дека во многу случаи, можеби токму поради таквата организирана екипираност на полицијата, можеби заради тоа што постоеше ваков закон, заради тоа што немаше јасни одредби кои што во рамките на полицијата и се случуваа работи, што јас овде не би сакал да ги потенцирам, но сите добро ги знаеме, каде што секој еден граѓанин си го поставуваше прашањето, дали ние воопшто живееме безбедно во Република Македонија. Одговорот е, почитувани колеги, не. Ние не живееме безбедно и јас би сакал и се надевам еве нека почне со овој закон, нека се направи како што треба во смисла на реорганизација, во смисла на една почетна иницијатива со законот и се она што следува како подзаконски акти да дојдеме до поголема безбедносна состојба во Република Македонија.

Оттука, морам веднаш да се задржам, не ми е целта да одам по ред по членовите, туку онака како што јас сметам дека е можеби многу битно или можеби не е битно, но морам да се задржам на она што овде низ членовите ни се нуди како новина. Тоа е начинот на организацијата на полицијата, што сето тоа е регулирано во членот 14 и понатаму, можеби најинтересните членови се 17, 12, 19 и т.н.

Би сакал, почитувани колеги, за ова што сакав сега да го зборувам да не ме сфатите од аспект

на локал-патриот. Факт е дека со вршењето на полициските работи сега се прави една нова измена. Ги немаме повеќе оние служби за внатрешни работи или управи за внатрешни работи, сега воведуваме сектор. Ако досега такви сектори или такви служби во Република Македонија имало 11, сега ги сведуваме на 8. Читајќи го членот 17 став 2, не можам да не се запрашам, а да се запрашам морам да го прочитам ставот за да биде појасно. "Секторите за внатрешни работи ќе се формираат во зависност од големината на подрачјата. Ќе потенцирам, од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба". Ставот нема маани, а тоа е факт дека така треба да бидат формирани. Меѓутоа, не го сфаќајте ова лично, се обраќам кон вас, се обраќам до министерот, бидејќи сте овде претставник на Владата, а тоа се однесува на Владата, бидејќи таа е предлагач, па не можам да сфатам ако овој критериум во став 2 е битен, сега да направиме сектори за внатрешни работи од 11, да ги намалиме на 8 или 12 колку било, можеби е прифатливо. Меѓутоа, во сета таа работа Прилеп да не биде посебен сектор за внатрешни работи, не дека сум Прилепчанец, вели Караџоски, но навистина е изненадувачка работа. Големо изненадување, а ќе ви кажам и зошто. Еве, да одиме по ред според критериумите. Ако тргнеме од големината на подрачјето, прво, Прилеп воопшто не е мал град. Прилеп е град, не знам точно колку по број на жители, кој би дошол, но сигурно некаде 5-ти или 6-ти во Република Македонија. И, не само по број на жители, туку и по се друго што значи во оваа Република Македонија, сепак Прилеп има некое свое посебно место. Требало да поминат години Прилеп да се изгради и да се издвои како еден центар, за да биде под Битола, како што некогаш бил во многу сектори, а сега повторно го враќаме во Битола. Тоа е едната работа.

Ако тргнеме од големината на географското подрачје по бројот на населението кажав не е проблем само градот Прилеп, туку околу градот гравитираат села, места и т.н., населени места, што во секој случај можат да бидат една посебна целина и биле. Како да го земете и како територијална организација, па дури и со Законот за територијална организација каде се организира на локално ниво, Прилеп има посебна единица. Дури и со Законот за територијална организација Прилеп го доби она што претходно го има изгубено. Не ми е сфатливо сега да го губи секторот за внатрешни работи, заради некои критериуми, што можеби кај предлагачот кој сака да создаде некакви региони, за кои што навистина нема оправдување, Прилеп да биде исфрлен во рамките на Битола. Тоа е вториот критериум.

По бројот на кривични дела и прекршоци ова го разбирам, почитуван министре, дека е во подрачјето и е битно дали има повеќе кривични дела, па дали има помалку кривични дела и од тој аспект се прави некаков регион. Значи, на одреден регион треба да има некаква рамнотежа во делот на извршувањето на кривичните дела и прекршоците.

Од она што го знам, почитувани колеги, Прилеп во секој случај можеби и не е на највисоката скала при извршување на кривични дела и со тоа претпоставувам дека треба да се гордее и сега дали со тоа што не е на највисоката скала, дали треба да го издвоиме сам тука во делот на таа институција во рамките на посебен сектор да го решава тоа прашање или да го препуштиме на некои во Битола да биде да се решава тоа што Прилеп навистина претставува зло во однос, се мисли на криминалните дејства, се разбира. Не треба да ги спомнувам сите оние настани и ситуации, случаи што ги имаме во континуитет. Ако е пак награда или можеби казна заради токму бројот на кривичните дела што се случуваат таму на таа територија, казна во смисла дека овој сектор или оваа служба досега не знаела да си ја врши работата, тогаш тоа можеше да се изведе на поинаков начин, отколку да се одземе секторот целосно. Мојата главна забелешка, а тоа чинам дека и другите пратеници овде од Прилеп или кои потекнуваат од Прилеп ќе го кажат, се надевам во моја поддршка, повторно ќе кажам не од аспект на некаков локал-патриотизам, но од аспект на правичност во членот 17 став 3 точка 2 да се измени односно од секторот за внатрешни работи Битола да се изземе Прилеп и да се изземе Кривогаштани, Пласница и Долнени и т.н. Тоа е и во извештајот на Комисијата за политички систем и бидете сигурни дека на некој начин ние како пратеници, барем тие кои сме од Прилеп се надевам и тие кои потекнуваат од Прилеп ќе бидеме ако треба и амандмански да го вратиме она што треба. Амандмани дадоа бројни пратеници и од Прилеп и не од Прилеп, и од едни и од други партии, но Прилеп сектор не стана односно сега Битола е сектор.

Понатаму, вели господин Караџоски - затоа што, почитувани колеги, ако некогаш Прилеп беше гордост можеби како град, денес се е уништено во Прилеп, па да му го одземеме и секторот за внатрешни работи и онака веќе се му одземавме и веќе нема по што да го препознаваме Прилеп, барем да го препознаваме по некоја служба за внатрешни работи, да не го сведеме на полициска станица, како на пример, полициската станица во село Коњаре или незнам кое друго село, Тополчани, на пример.

Најмногу се плашам, почитувани колеги, повторно ве повикувам да размислите вие кои гравитирате околку Прилеп што треба со една ваква одредба да докажеме или да потврдиме дека Прилеп е едно од поголемите села во Република Македонија, па го ставаме во рамките на Битола? Не. Прилеп бил град, повторно град и треба да биде. Тој не може да се израмнува заедно со Могила, заедно со Новаци и да биде во состав во тој регион заедно со нив. Еве и претседателот ме

потсетува, навистина, првата пушка пукна во Прилеп и тоа треба да се респектира. Мисли на господин Јордановски. Шегата настрана, ова најсериозно го мислам и се надевам повторно ќе кажам дека ги има многу овде обрнувања на вниманија, ова да се елиминира и да се направи една попрецизна односно онаква каква што кажав. Се мисли на распределба на сектори. Тоа е она што на почетокот сакав да го кажам дека ова не е никаков локал-патриотизам.

Што е сега она што овој закон го нуди. Навистина, има доста решенија што заслужуваат внимание. Можеби некој ќе го пофали, можеби некој и ќе го критикува. За тоа е оваа фаза и затоа ја правиме. Тоа што заслужува внимание како организационо поставена позиција, на прво место би дошло Бирото за јавна безбедност со свои надлежности прецизирани во членот 14. Со Бирото раководи директорот, го именува и разрешува Владата за време од 4 години. Почитуван господине министре, овде би сакал да ви ја искажам мојата забелешка. Членот 14 последниот пасус или ставот 2 зборува дека со Бирото раководи директор, кого на предлог на министерот го именува и разрешува Владата на Република Македонија за време на 4 години. Мислам дека овде недостасува став 3 во кој што треба да се утврди какви услови и кои посебни или општи услови треба да ги исполнува кандидатот кој треба да биде директор. Неспорно е дека ќе го бира Владата, неспорно е дека ќе го разрешува Владата, но вакви критериуми треба да исполни тој директор, за да може да биде предложен и да може да биде избран, видовме дека има критериум, соодветно образование и искуство. Аналогно на ова, ако тргнеме да ги следиме сите членови, каде зборувате и за началник на Секторот за внатрешни работи, командир, сега вие имате предвидено услови, општи и посебни. Да има завршено тоа, работно искуство толку, така што мислам дека е неправедно да се изостави ако Бирото за јавна безбедност, кое се става како хиерархиски повисока институција, да остане без услови. Според мене, треба да се додаде став 3 со што мислам дека ќе се согласат и другите колеги, дека или испуштено од технички аспект или не ја гледам логиката да може да биде директор на Бирото било кој граѓанин. Од друга страна ако интенцијата на предлагачот на овие високи места, дали е Бирото, дали е секторот за внатрешни работи, дали е полициска станица, ако е интенција на предлагачот, гледам дека е интенција, во таквите места да раководат луѓе а раководни луѓе да бидат оние кои работеле во полицијата со големо искуство, да има најмногу 12 години или незнам колку години стаж во полицијата, на 4 или на 6 години на раководно место, јасна е интенцијата дека треба да се оди кон стручност за да дојдеме до подобри резултати, отколку да ни се случува како во сите изминати години, која власт ќе дојде така да става началник, затоа што едниот бил од СДСМ, другиот од ВМРО, третиот од ДУИ и т.н., вели Жарко Караџоски.

Според тоа, за да се спречат токму таквите работи, ние можеме да кажеме да поставиме началници од каде ќе ни текне, а после да кажуваме зошто ни е безбедноста таква и зошто не се интервенирало, каде се интервенирало. Интенцијата ја поддржувам да имаме високо стручен кадар, да имаме професионален кадар и така да продолжиме. Но, тоа треба да се дефинира и кај директорот за јавна безбедност, бидејќи надлежностите што се наброени во членот 14, навистина бараат стручни надлежности. Значи, треба да имаме стручен кадар. Тоа е веќе предложено во членот 15, сето она што јас го кажувам. Да се зборува за началникот кој раководи со секторот, треба да исполнува високо образование, најмалку 12 години работно искуство во полиција, од кои 6 години на раководно место. Тоа е она што јас го нарекувам професионализам и тоа е таква интенција што треба да продолжи ако, одиме кон тоа.

Би сакала овде да потсетам на една дилема до вас почитуван министре, кога говориме за началникот во Секторот за внатрешни работи. Во член 15 последен став, началникот на Централните полициски служби, го назначува и разрешува министерот во транспарентна изборна постапка.

Прво, не ми е јасно што значи транспарентна изборна постапка да го објавиме во средствата за информирање. Дали тоа значи да го соопштиме на медиумите дека сме избрале некаков началник, или таа транспарентност треба да се однесува на кандидатите кои се кандидирале, кои лица биле, дали е гледана нивната стручност итн.

Мислам, начинот транспарентна изборна постапка треба да биде претходно дефинирана. Или, ако не во законот, во некои подзаконски акти вие што ги наведувате, но во секој случај не треба да остане само збор, затоа што е апсолутно нејасен. Тој можеби е јасен, меѓутоа, ќе прави проблеми. Под транспарентна постапка може да се мисли се. Тоа е една дилема.

Втората дилема е ако бирото за јавна безбедност,согласно овие надлежности што ги има на некој начин има некое директно влијание врз секторите. Не ја гледам логиката зошто министерот да ги поставува, или ако веќе министерот ги поставува и ги разрешува, тогаш треба да има малку повисока контрола, а не тоа да се препушти само на бирото. Мислам дека една поголема синхронизација барем во делот на изборот кај началниците, да стои уште еден збор, да речеме на предлог на бирото и на директорот на бирото кои го бираат министрите.

Сето тоа треба да се направи за да има некоја хиерархиска поврзаност, ако бирото е пивисок орган од тој сектор. Сепак би имало некаква улога, со оглед бирото да води сметка за многу

работи што се случуваат и ќе следи таа состојба, дава сугестии, дава мислења, значи да има некоја позадина на која што треба да се базира. На пример, еве членот 16, каде што се зборува дека директорот на бирото може од полициските службеници да формира полициски единици за извршување на определени задачи. Тука завршува членот, а сега повторно ќе го кажам она што претходно го отворив како прашање. Ако директорот на бирото формира полициски единици, специјални единици, или како да ги наречам, заради безбедност на Република Македонија, дали на тие единици треба да има некаков началник. Треба да има некаков командир, или не знам што и кој треба него да го бира. Министерот, добро, јас ова го наметнувам само како дилема, членот 17 го апсолвира.

Сега аналогно на она по членот 17 за Прилеп. Требало членот 20 да се избрише, полициска станица Прилеп. Тука да се додаде друштво. Не би сакала почитувани колеги тука да го отворам прашањето на членот 21. Само сакам да ви свртам внимание, овој член внимателно да го прочитате и мислам дека на него треба усогласување, согласно Законот за локална самоуправа.

Интересна е определена одредба од членот 30, сега каде што веќе отидовме кај полициските овластувања, ссакам да укажам уште н неколку члена за кои што сметам дека ете јас имам поинакво гледање.

Значи, членот 30 зборува за примената на полициските овластувања. При таа примена повикување, приведување и задржување. Полицискиот службеник мора веднаш да го извести лицето на јазик што го разбира. Се мисли на лицето, за причините на повикувањето итн.

Сега овде се отвора прашањето, колку јазици треба да знае полицаецот. Затоа што во Република Македонија имаме толку многу етникуми, ако на секому му објаснуваме на тој јазик што го разбира, бидејќи овде многу мина се прават дека не разбираат друг јазик освен нивниот, ќе треба полициските служби со Закон за полиција, или на полициските службеници да им одржуваме курсеви по јазици, за да ги научиме да се обраќаат на граѓаните.

Сигурно тоа ќе биде еден голем проблем. Ми се чини дека не е јасна одредбата на јазикот кој што го разбира оној кој го приведуваме. Сепак, оваа наша држава има дефинирано што е службен јазик, па ако не го разбира, ќе го научи.

Мислам дека толку многу не треба да му се даваат прва, затоа што кога ние некого таму приведуваме, додека му кажеме тој да разбере, ќе ни избега, како што е впрочем пракса во последно време. Мислам дека тука не треба да стои на јазикот кој го разбира, затоа што се знае е службен јазик во Република Македонија и полицијата треба да го користи службениот јазик, нема што друго.

Во членот 39, вели господин Караџоски, дека таканареченото повикување доста користен термин информативен разговор, место каде што се случуваше во практиката да има доста злоупотреби, така што буквално секој можеше да се повикува на информативни разговори за разни причини.

Јас мислам дека овој член дефинира што значи повикување, што значи информации и информативен разговор. Тоа го дефинира членот 1. Меѓутоа, во ставот 3 на член 39, каде што се зборува дека повиканото лице може присилно да се доведе само со судска наредба и потоа продолжува само тогаш, кога очигледно, и така натаму не би сакала да го читам, правнички не е во ред, ако веќе еднаш се каже само со судска одлука и понатаму да неведуваме по тоа и по тоа, што значи, не е само, не е единствено. Што значи, има повеќе начини и јасно е дека има повеќе начини. Или е со судска одлука само, или не само со судска одлука, туку и со други некои начини. Значи, едно е судска наредба, второ е доколку избегнува да се јави на уредна достава и трето е доколку своето недоаѓање не го оправда. Значењето само, не би требало да стои, затоа што не е само со судска наредба.

Кога може лицето да се повика од шест до 22 часот е новина во овој закон. Досега стариот закон немаше некоја одредба до кога и како, или се однесуваше на работното време итн. Не би сакала повеќе да се осврнувам на сите овие членови, сметам дека во основа законот е добро напишан и текстот е во ред и дека претставува новина во корист на оваа држава.

За разлика од континуитетот кој сакав да го покажеме ние како пратеници на ВМРО Народна партија и досега цитирав пратеници од претходниот мандат на ВМРО Народна партија, сега би сакала да се потсетиме на стенографските белешки на некои пратеници од други политички партии, па ќе ми дозволите да се осврнам на некои стенографски забелешки на пратеникот Силвана Бонева од ВРМО ДПМНЕ.

Сосема накратко ќе се осврнам и јас на предлогот за донесување закон за полиција. Во текот на комисиските расправи на седницата на Комисијата за политички систем дадов поголем број забелешки, вели Силвана Бонева. Сега ќе се осврнам на оние кои не ги кажав и на оние што сметам дека се од суштествено значење, за да се подобри текстот на законот и се надевам дека во наредната фаза многу од овие забелешки накои обрнуваме внимание ќе се најдат во Предлогот на законот, вели госпоѓа Бонева.

Најпрво, при анализата на овој предлог за донесување на закон за полиција првата забелешка би можела да се лоцира во причините поради кои треба да се донесе овој закон.

Имено, во овој дел од Законот се наведени процесите именувани како транзиција, кои како што пишува таму доведуваат до промени во

областа на етимологијата и феноменологијата на криминалитетот. Во набљудувањето кое натаму следува на овие нови форми на криминалитет, како да се избегнува да се спомне појавата на тероризмот како нова и асиметрична закана, која што се одликува со висок степен на инкриминираност.

**Љубиша Георгиевски:** Завршивте нели?

**Весна Јаневска:** Не, не завршив. Тероризмот не е криминал од класичен тип.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам јас, тишината ми ги распара ушите.

**Весна Јаневска:** Малку ме деконцентрираа.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Весна Јаневска:** Тероризмот не е криминал од класичен тип, туку тој во исто време е инкриминирано дејство, кое во себе содржи и значитлен дел на политички елемент. Ваквата појава никаде не е наведена од причините поради кои треба да се донесе овој закон и никаде не е наведен овој облик на загрозување на државата, на животот на луѓето и имотот. Тоа значи дека треба да се отвори една тема во која Владата и полицијата треба да кажат текстивно во Законот дека задачата на полицијата, а тука и на државната безбедност, односно разузнавањето и контраразузнавањето како прво е борба против подривањето на уставниот и државниот поредок, а како второ, борба против тероризмот. Јас се согласувам со госпоѓа Силвана Бонева и го поздравувам вакиот нејзин став.

Понатаму, можат да се набројуваат останатите категории кои се наведени во Законот, односно од причините за кои треба да се донесе овој закон. Образложениeто заради кои овие категории треба да бидат наведени во причините за донесување на Законот, но и во самиот закон е фактот дека на тој начин се создава база, односно основа, од која ќе произлезе потреба да се легитимира, или правно да се оправда создавање на еден сегмент во Министерство за внатрешни работи. Тој сегмент е антитерористичкиот столб и посебните единици кои треба да се справуваат со оваа појава. Прашањето околу овие посебни полициски единици, не е стриктно дефинирано во самиот текст на законот. Значи, кога се зборува за функциите и задачите на Министерство за внатрешни работи треба да се наведе дека тоа е откривањето на криминал кој е еден нов вид поради фактот дека тој е транс национален, поради тоа има елементи на насилство, во тоа што се јавуваат форми на оганизиран криминал, меѓутоа, треба да се наведе и фактот дека во сите тие појави постои криминал кој во себе има и класична политичка природа кој што се нарекува тероризам и кој што е една од примарните задачи на Министерство за внатрешни работи. Доколку биде наведено во Законот за тоа, на Министерството ќе му биде основа легитимно да се формира антитерористички полк во облик на посебна организациона единица. Во облик на посебни единици на кои ќе им биде нормирано местото, улогата, начинот на употреба и тн.

Сето ова, не е наведено никаде во законот. Никаде во законскиот систем на Република Македонија нема изречено дефинитивно чија е задачата за борбата против тероризмот. Тогаш кога ќе се појави, било да е тој индивидуален, или групен тероризам и како таков го загрозува имотот и животот на граѓаните како и институциите на системот.

Постои закон за справување со кризи.

**Љубиша Георгиевски:** Завршивте?

**Весна Јаневска:** Не, не завршив. Претседателе, знам дека и вам ви е тешко од вас да барам да обезбедите ред и мир. Но, мене не ми пречи ако пратениците не се во салата. Јас си ја работам мојата работа.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, паузите се направени навистина, заради жагор во салата. Продолжете.

**Весна Јаневска:** Доколку нема интерес, нема проблем.

**Љубиша Георгиевски:** Интерес има, сигурен сум. Но вие продолжете. Дајте ве молам, да бидеме парламентарни. Пред се, ако сме парламентарци, да бидеме парламентарни. Ве молам, да се почитуваме меѓусебно. Тој е основен услов да си го загорчиме животот ако не се почитуваме меѓу себе, покрај сите разлики.

Продолжете госпоѓа Јаневска.

**Весна Јаневска:** Многу стенограми ќе читаме, почитуван претседателе, почитувани пратеници, за овие 4 години. Сега, сме конструктивни, ги читаме оние кои се за подобрување на квалитетот на законот за полицијата. Но во одредени случаи, би можеле да читаме и други стенограми, кои ги има во архивата, за кои јавноста ќе биде заинтересирана, ако јас сметам дека во моментот нема потреба да ги отвараме и по повод законот за полиција и по повод некои други. Но ова, што госпоѓа Силвана Бонева го кажала во првата фаза на законот, сметам дека е многу значајно, особено многу е значајно, затоа што го кажала госпоѓа Силвана Бонева, која тогаш беше координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, а јас ќе прочитам и други стенограми од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и од владеачката коалиција сега, во однос на законот за полиција, се разбира во ниеден случај никој други.

Значи, постои закон за ракување со кризи, но во него само е наведено дека Армијата пристапува во помош на Минстерството за внатрешни работи, кога Министерството за внатрешни работи ќе се спротистави на соодветни облици на опасност, а парадоксот се состои во тоа што во законот што би требало да биде основен за функционирањето на Минстерството за внатрешни работи, треба да се наведени, а не се наведени овие дефиниции и организациони структури кои ќе произлезат од тоа.

Инаку, дефинициите за тероризмот се сосема прецизно наведени и дефинирани во меѓународното право и сите можат да се консултираат за изработка на законот во следната фаза. Не се консултирани при изработка на законот за следната фаза, тоа е очигледно. Предложена дефиниција би можела да биде, зошто тероризмот како облик на насилен криминал од масовен тип. Во законот изостанува една ваква дефиниција во време кога тероризмот како појава, добива се поголем замав и кога опасноста Република Македонија да се соочи со него е реална и потенцијална. Само да се потсетиме дека нашата земја е учесник и во антитерористичката коалиција.

Понатаму, втората дефиниција која би требало а се надоврзе на вакквото набројување би можела да гласи: полицијата се грижи за заштита на уставниот поредок и државата од асиметрични закани и криминал. Во оваа категорија на појави би влегувале шпионажата, нападите на органите, носителите на власта итн.

Понатаму, исто така, во причините поради кои треба да се донесе овој закон, постои уште една спорна категорија.

Имено, наведено е на страница 2 од Предлогот за донесување на закон за полиција, дека Министерство за внатрешни работи ќе работи согласно стратешките цели насочени кон ефикасно полициско работење, организираност, стручност и економичност во работата. Одговорност и мотивираност на вработените, планирање, развој за едукација на персоналот со особен акцент на полициската функција, како и сервис за јавноста, а имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници на Република Македонија. Нашиот Устав не го содржи поимот сите заедници, туку би требало да стои заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Значи, изрично одредбите кои што ги содржи Уставот да се пресликаат во законот.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, давам пауза од 10 минути, заради лични причини.

(Пауза од 16,45 часот)

(По паузата седницата продолжи во 17,00 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Имаше збор госпоѓата Весна Јаневска.

Повелете.

Пред тоа процедурално има збор пратеникот Марјан Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Бидејки согласно Деловникот за работа на Собранието, работата на Собранието е предвидена да трае до 17,00 часот, Собранието треба да донесе одлука дали Собранието ќе работи и после 17,00 часот. Мислам дека најнапред тој предлог треба да го разгледаме, па во натамошниот дел госпоѓата Јаневска да продлжи со нејзиното излагање. Бидејки е точно 17,00 часот, а ние како пратеници сме обврзани да го почитуваме Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, мислам дека треба најнапред да ја почитуваме таа одредба од Деловникот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Да објаснам после вашата процедурална интервенција. Во Деловникот пишува дека се работи од 10,00 до 17,00 часот. Бидејки ние започнуваме од 11,00 часот, а тоа го правам јас затоа што имам и други задолженија, а сеуште не се избрани потпретседатели. Логично да работиме до 18,00 часот. Таа пракса ја напуштивме заради ифтарот и тоа беше исправно решение. Сега повеќе немаме задолжение кон нашите колеги од исламска религија да го почитуваме тој празник, сега продолжуваме пак, работното време е од 10,00 до 17,00 часот, но ние работиме од 11,00 до 18,00 часот, до колку имаме материјал, ако завршиме порано, порано завршуваме. Во таа смисла сеуште имаме време за продолжување и за предлози за продолжување на седницата до 18,00 часот. Тоа е истата логика и мислам дека е доволно објаснување.

Ако има уште некој процедурална интервенција, нека повели. Тоа е објаснувањето на оваа ваша процедурална интервенција.

Дали уште некој бара збор процедурално?

Повелете господине Вељановски, имате збор.

**Трајко Вељановски:** Токму во таа смисла се пријавив за збор процедурално да укажам дека согласно Деловникот, како што кажавте, се работи од 10,00 до 17,00 часот. Бидејки во летно време така работело Собранието и претходно и сега од 11,00 до 18,00 часот, значи се работи во тој временски период. Ако има предлог за продолжување на работата на Собранието, Собранието ќе одлучи дали ќе продолжи. Значи не сме врзани со 17,00 часот во врска со предлогот за продолжување.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа објаснување го дадов и не треба друг да го дава. Ви благодарам на поддршката. Мислам дека тоа објаснување е на место.

Повелете уште еднаш господине Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам.

Само една реченица да кажам. Мислам дека паушалното толкување е една работа, а дека во Деловникот јасно е наведено. Јас не знам дека Деловникот претрпел одредени измени или дополнувања, меѓутоа, вие како претседател на Собранието бидејки го кажувате тоа, нам ни останува да го почитуваме вашиот збор. Меѓутоа, во Деловникот е јасно и таксативно наброено за процедурата од колку до колку работи Парламентот и во кои услови и на кој начин се донесува одлука за продолжување на работното време. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ако мислите дека има место да направиме 15 минути консултации околу

оваа работа, јас ви стојам на располагање, но мислам дека не треба. Лесно е да се рече паушално, како што е лесно да се говори се во овој Парламент. Тоа воопшто не е паушално, туку е работно време. Јас сум меѓу другото задолжен и да водам сметка за работното време и тоа воопшто не е паушално. Ако почне седницата во 12,00, ќе трае адекватно толку. Јас реков, не беше паушално туку беше политичка проценка и беше исправна политичка проценка тоа работно време да го промениме во врска со ифтарот. Сега такви задолженија нема. Според тоа, повелете да продолжиме.

Повелете госпоѓо Јаневска, вашиот збор да си го продолжите.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам господине претседателе. Јас сум расположена да работам до тогаш до кога ќе одлучи мнозинството во Собранието. Значи за мене нема никаков проблем, може до 21,00, може до 24,00 часот, може до сабајле.

**Љубиша Георгиевски:** Само уште нешто. Собранието ништо не одлучило, ова е по куќниот ред како што работиме до 18,00 часот. Ако одлучи после, за тоа потоа. Повелете.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам.

"Меѓународното право и иститe може да се консултираат при изработка на законот во следната фаза. Предложената дефиниција би можела да биде заштита од тероризмот како облик на насилен криминал од масовен тип. Во законот изостанува една важна дефиниција во време кога тероризмот како појава добива се поголем замав и кога опасноста Република Македонија да се соочи со него е реална и потенцијална. Само да се потсетиме дека нашата земја е учесник во антитерористичката коалиција.

Понатаму, втората дефиниција која би требала да се надоврзе во ваквото настојување би можела да гласи: "полицијата се грижи за заштита на уставниот поредок и државата од асиметрични закани и криминал". Во оваа категорија на појави би влегувала шпионажа, нападите на органите, носителите на власта и т.н.

Понатаму, исто така кај причините поради кои треба да се донесе овој закон постои уште една спорна категорија. Имено, наведено е на страница 2 од Предлогот за донесување на закон за полиција дека МВР ќе работи согласно стратешки цели насочени кон ефикасно полициско работење, организираност, стручност и економичност во работата, одговорност и мотивираност на вработените, планирање и развој и едукација на персоналот, со особен акцент на полициска функција како сервис за јавноста, а имајки ја предвид соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија. Нашиот Устав не го содржи поимот сите заедници, туку би требало да стои: заедниците..."

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам, ќе ја прекинам седницата ако нема услови за работа. Тишина, ве молам да ја сослушаме пратеничката.

**Весна Јаневска:** "...заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, значи изрично одредбите кои ги содржи Уставот да се пресликаат во законот. Инаку, онака како што е дадено граѓаните кои припаѓаат на сите заедници воопшто ништо не кажува и не е во корелација со Уставот на Република Македонија.

Понатаму, ќе се осврнам на секој од членовите од законот за полиција, кои би требало да се допрецизираат. Најпрво членот 4 во кој се зборува дека Министерството заради создавање услови за работа на полицијата ги утврдува кадровските и образовни потреби, донесува развојно организациони и други основни насоки за работа, донесува планови за користење на материјално-финансиските средства, планови за изградба и користење на информатичките системи и во точка 5 од ставот вели "донесува и спроведува планови за изградба и користење на радио-комуникациски и теле-комуникациски системи". На Комисијата не добивме образложение МВР под оваа формулација на членот 4 став 1 точка 5 дали мисли да прави сопствен комуникациски и телекомуникациски систем, за што ќе го користи ваквиот систем".

Значи откако вчера ги прочитав стеногравските белешки заклучив дека јас и госпоѓа Силвана Бонева сме имале апсолутно исти ставови по одредени точки, а особено за следењето и опремата за телекомуникации. Онака како што е дадена оваа формулација остава простор за сомневање дека формирањето на еден ваков сопствен комуникациски и телекомуникациски систем можно е да се злоупотребува и да се користи онака како што не треба ако не постои никакво дообразложение зошто треба да се користи ваков систем, а ако сакаме да се спречи злоупотребата и повредата на основните човекови права, вклучувајки го тука и правото на тајност на комуникации на сите граѓани загарантирани со Уставот на Република Македонија, за да се спречи неовластено прислушкување, сметам дека треба многу сериозно да се редефинир аоваа точка од членот 4 и ако воопшто е потребно за дејанијата на МВР за откривање на разни криминални дејанија на одредени личности, ваков комуникациски и телекомуникациски систем за следење на тие личности, тогаш треба таквите планови да бидат во согласност и да се користат во согласност со закон за следење на комуникации. Веќе е изработен закон за следење на комуникациите, овој закон за полиција што сега го донесуваме верувам ќе трае повеќе години и тука треба да се направи корелација меѓу законот за следење на комуникациите, за да се знае во кој случај, на кој начин и кој може, врз основа на што, дали врз судска одлука или што е наведено во законот за следење на комуникациите, да биде ограничена

можноста за злоупотреба на ваквиот комуникациски и телекомуникациски систем или да ни се објасни во самиот член став 5, стриктно да се наведе во кои случаи ќе се користи ваквиот комуникациски и телекомуникациски систем.

Понатаму, во членот 5 се наведува полициските работи односно функциите на полицијата и како функција овде не е наведена заштитата на уставниот поредок на Република Македонија. Заштитата на уставниот поредок е наведена во основните начела на кои треба да се заснова овој закон, а не е наведена во полициските функции.

Во членот 6 и во членот 11 потребно е усогласување со Законот за територијална организација и Законот за градот Скопје. Значи апсолутно се исто како она за што еве јас лично, а не други пратеници дискутираа на претходните седници на ова Собрание, пак јас денес кога дискутирав член по член на локалната самоуправа зборував и за градот Скопје. Сега се прашувам како тоа пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои ги даваа истите забелешки, кои го критикуваа овој закон, кои - ќе видите понатаму, ќе ги читам еден по еден сите редум и многу остро се опираа на овој закон, денес го прифаќаат без еден знор коментар, со чесен исклучок на неколку пратеници кои коментираат за секторите и за некои други неколку члена, кои не помнам точно кои беа, ќе можеме во стенографските белешки да видиме. Што е тоа што ја натера владеачката партија да се одлучи против волјата на своите пратеници на брзина, неорганизирано и не во договор со другите коалициони партнери подржувачи и опозицијата да го уреди овој закон така како што треба. Значи колаиционите партнери гледам дека и не се некој посебен проблем во однос на донесувањето на одлуката за законот, затоа што можеби дел од нив се согласуваат во првата фаза кога законот беше донесуван, но во однос на опозицијата имаа обврска, бидејки станува збор за системски закон, а и со оние партии кои ги подржуваат како власт и од чие опстојување на Владата зависи, требаа да направат договор и да го усогласат законот со стручните ставови на стручните служби на одделни политички партии кои учествуваат во работата на Парламентот.

Бидејки со госпоѓа Силвана Бонева дефинитивно се согласуваме во повеќе од 90% за она што до сега го прочитав, продолжувам и понатаму за да видам зошто нешто друго сега во првата фаза не натерало да ги промениме мислењата. Значи јас не, ние во континуитет како партија, но ВМРО-ДПМНЕ малку поинаку.

“Ние како опозиција-вели Силвана Бонева-во текот на донесувањето на законот укажавме неколку пати дека формулацијата “општините и градот Скопје” не треба да се оптоварува со законски текст, треба да стои токму така како што вие го имате дадено “општините и градот Скопје”, бидејки под општините се подразбира сите општини во Република Македонија, но во овие закони остана тоа решение да се спомнуваат општините, општините на градот Скопје и градот Скопје, од “општините на градот Скопје” нема навистина никаква потреба. Тука да се направи едно усогласување со законите кои во моментот ги имаме во Република Македонија во однос на дефинирањето на општините.

Понатаму, во членот 7 се вели дека полицијата укажува помош, асистенција за спроведување на извршна судска одлука до колку при спроведувањето на извршувањето се наиде на физички отпор или таков отпор може оправдано да се очекува.

Во ставот 3, началникот на Секторот за внатрешни работи одлучува за начинот на давање на помош и за тоа на време го известува подносителот на барањето. Овде е неопходнопотребно да се дефинира рок, во кој рок го известува подносителот на барањето, односно судот за давање асистенција, се со цел овој рок да не биде безконечен и да не се оневозможи извршувањето на судската одлука.

Понатаму, во членот 10 се вели дека полицијата ја известува јавноста за прашања од нејзина надлежност. Ставот 2 вели: “На граѓаните, јавните претпријатија и другите правни лица и на државните органи полицијата им дава информации, податоци, известувања за прашања од својот делокруг за кои тие се непосредно заинтересирани.

Тука се испуштени советите на општините, бидејки советите на општините се исто така заинтересирани да бидат информирани од страна на полицијата за сите прашања од делокругот на полицијата кои ги тангира советите на општините. Тоа решение е во согласност со одредбите на потпишаниот Охридски договор.

Член 11 став 3 зборува дека заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата треба да се формираат совети, комисии и координативни тела со цел да се изградат заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето, градење доверба и партнерски односи во превенирање на појавите кои влијаат на безбедноста.

Во членот 11...

Не, нема да завршам. За да не ме прашуваат секогаш кога ќе запрам заради жаморот, воопштонемам намера да завршам, имам уште многу за дискусија. Сега само читам стенограми, а после тоа ќе ги дискутирам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓице Грковска, во прилог на нашиот разговор сега слушнавте.

**Весна Јаневска:** Имам уште многу и ова ќе трае уште многу долго за да немаме нервоза.

**Љубиша Георгиевски:** Само повелете. Ако некој не сака да слуша, сосема е легитимно да ја напушти салата, а не да прави жамор. Ве молам, никој нема намера да ви го ускрати зборот, вие си имате право и само повелете.

Ако сакате на говорникот да му ставите до знаење дека она што го говори не е интересно, има поубави начини, а не да се упаѓа во збор со жамор. Ве молам, ајде продолжете.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам.

По повод текстот на законот за полиција, интересен е фактот дека пратениците во Собранието на Република Македонија, не сите, но некои не се заинтересирани за текстот на законот. Интересно станува тогаш кога законот е донесен, полицијата функционира, а некој е лично засегнат, е тогаш сите се интересираат за законите, тогаш станува збор...

Јас барам да ја прекинете седницата за да ми обезбедите услови за работа.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам 10 минути пауза.

(Пауза од 17,20 часот)

(По паузата седницата продолжи во 17,34 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места. Тишина ве молам.

Продолжуваме со седницата.

Збор имаше госпоѓа Јаневска.

Повелете госпоѓо Јаневска, продолжете.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе.

Член 11 став 3 се зборува дека заради отстранување на соработката и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата треба да се формираат совети, комисии и координативни тела со цел да се изградат заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето за градење доверба и партнерски односи во превенирање на појавите кои влијаат на безбедноста.

Во членот 11 неопходно е потребно да се каже начинот на формирање на советите на општините и на комисиите и координативните тела, бидејќи вака како што се дадени се остава декларативна заложба, а нема да вроди плод и нема да знаат како да се направи за да можат да се формираат вакви совети, комисии, координативни тела и не би требало да се остави празен простор за да не се знае како да се направат овие совети, комисии и координативни тела и овде треба да се дефинира начинот на нивно формирање.

Понатаму во членот 15 став 2 се вели дека се формираат централни полициски служби кои се надлежни за вршење на работите од областа на организираниот криминал, криминалистичката техника и посебните единици на полицијата. Овде треба да се моделира ставот 2 каде се наведени функциите на централните полициски служби и по зборовите “организиран криминал” неопходно е потребно да се додадат следните функции: значи, “организираниот криминал од областа на масовниот насилен криминал, спречување на тероризмот”, наместо посебните единици на полицијата би требало во најмала рака да стои: обука, раководење и командување со посебни единици на полицијата.

Значи, централните полициски служби се надлежни и за обуката, раководењето и командувањето со посебните единици на полицијата во исто време се надлежни и за масовниот насилен криминал и спречувањето на тероризмот.

Во истиот член во став 4 се вели: дека за началник на централните полициски служби може да биде назначено лице кое, покрај општите услови, ги исполнува и следните посебни услови да има завршено високо образование, да има работно искуство во полицијата од најмалку 12 години од кои 6 на раководно место и овде треба да се додаде став 3, точка 3, да има специјалистичка или посебна едукација, подготовка и искуство за вршење на работите од став 2 на овој член.

Тука сосема се согласуваме со пратеничката која дискутирала во претходниот мандат. Понатаму членовите 17, 20 и 22 каде се дадени секторите за внатрешни работи кажано е дека секторите за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривични дела и прекршоци, како и значењето на патните правци, географската положба, па од тие причини сметам дека е неопходно потребно токму од тие критериуми да има и сектор за внатрешни работи во Прилеп, бидејќи овде е ставено под секторот за внатрешни работи Битола. Идентично мислат и Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Весна Јаневска, Силвана Бонева, пратеничката на која не и го знам името од ВМРО-ДПМНЕ, Есад Рахиќ и бројни други.

Преголемо е населението, бројот на кривични дела, прекршоци, па и значењето на патните правци, географската положба за да имаме еден сектор за внатрешни работи под секторот за внатрешни работи Битола да биде и Прилеп.

Во исто време сакам да спомнам во членот 20 има направено пропуст, неопходно е потребно да има полициска станица во Пехчево, да се додаде во Предлог законот.

Јас имав амандман во кој барав полициска станица во Пехчево.

Понатаму во членот 22 вели дека командирот на полициската станица редовно ги информира и на барање на советот на засегнатата општина за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патишата,се извинувам, смири ги, ова не е доволно за да се знае што значи редовно информиање. Не е регулиран начинот на тоа редовно информирање, бидејќи за некој командир на полициска станица редовно информирање може да биде на шест месеци по негово видување.

За советите на општините редовно информирање може да биде месечно, овде мора да се каже да

биде регулиран начинот на редовно информирање, постапка, временскиот интервал, инаку мислам дека ваквата одредба ќе биде само декларативна.

И по оваа точка комплетно се согласуваме со пратеникот.

Понатаму, членот 29 зборува дека полицискиот службеник во униформа при примена на полициските овластувања е должен да се легитимира на барање на граѓанинот. Последните два збора дека полицискиот службеник во униформа при примена на полициските овластувања дека е должен да се легитимира само на барање на граѓанинот, треба да се избрише, туку да стои дека полицискиот службеник е должен да се легитимира при примена на полициските овластувања. Ваков амандман имаше госпоѓа Роза Топузова - Каревска и зборувавме за тоа колку униформата значи полициско легитимирање или не значи. Зборувавме колку тогашната власт на СДСМ и ДУИ ја деградираа униформата на АРМ и на МВР, па зборувавме за тоа дека е неопходно да се легитимира полицаецот, сега од стенографските белешки гледам дека така мислат Спиро Мавровски, Марија Којзеклиска, јас, Силвана Бонева, Роза Топузова-Каревска и некои други пратеници, а ќе видиме и кои други понатаму.

Ние сме имале случаи како пратеници лично на неодлучно однесување на некои од полициските службеници кога не запираат, кога не легитимираат или бараат нешто и на наше инсистирање да се легитимираат некои од нив не се легитимираат, а камо ли на барање на граѓаните некој од нив да се легитимира.

Значи, изрично да стои дека полицискиот службеник е должен да се легитимира за да знаат граѓаните со кого имаат работа, на кој можат да се поплачат, за која личност инаку останува на тоа место во тоа време не застана тој и тој, а не знаеме кој е тој кој не застанал и што се однесувал онака како што не требало.

Заради тоа сметам дека е неопходно потребно да се бришат овие зборови “на барање на граѓанинот дека е должен да се легитимира”.

Ме интересира и би ги замолила правниците во Собранието, доколку ги има, а знам дека ги има еве на пример Трајко Велјановски да го каже своето мислење по повод овој амандман, бидејќи Силвана Бонева како правник би кажала што мисли по таа тема.

Понатаму членот 32 вели: “полициските овластувања, полицискиот службеник ги применува на лична одлука по наредба на раководен полициски службеник, надлежен суд или јавно обвинителство”. Гледајќи ги полициските овластувања дадени во членот 25, а тоа е проверка и утврдување на идентитет на лица и предмети, повикување, приведување, задржување, потрага по лица и предмети, сопирање, преглед или интерес на лица, багаж, превозни средства итн., значи полициски овластувања се оставаат да бидат применувани и по лична одлука на полицискиот службеник. Тоа се преголеми овластувања акумулирани во рацете на едно лице и неопходно е потребно да се селектира кои полициски овластувања полицискиот службеник ги применува по лична одлука се со цел да не бидат злоупотребувани полициските овластувања од страна на полициските службеници со негова лична проценка.

Понатаму членот 39 став 3 се вели дека повиканото лице може присилно да се доведе само со судска наредба и само тогаш кога очигледно одбегнува да се јави на уредно доставена покана во која било предупредено на можноста од присилно доведување и тогаш кога своето недоаѓање нема да го оправда.

Овде очигледно одбегнувањето да се јави на уредно доставена покана не знам кој го цени...

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам. Продолжете.

**Весна Јаневска:** Претседателе, се извинувам, процедурално, простете, доколку координаторите на пратеничките групи или некој пратеник кој го заменува координаторот сака да одржи состанок со пратеничката група, тоа не се прави на пленарна седница во пленарната сала. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжете.

**Весна Јаневска:** Бидејќи полициските овластувања дадени во членот 25, а тоа е проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети, повлекување, приведување, задржување, потрага по лица и предмети, сопирање, преглед или претрес на лица, багаж, превозни средства, итн, значи органи, полициски овластувања се остава да бидат применувани по лична одлука на полицискиот службеник. Тоа се преголеми овластувања акумулирани во рацете на едно лице и неопходно е потребно да се селектираат кои полициски овластувања полицискиот службеник ги применува по лична одлука се со цел да не бидат злоупотребувани полициските овластувања од страна на полициските службеници по негова лична проценка.

Понатаму членот 39 став 3 се вели дека повиканото лице може присилно да се доведе само со судска наредба и само тогаш кога очигледно одбегнува да се јави на уредно доставената покана во која било предупредувано на можноста од присилно доведување и тогаш кога своето недоаѓање нема да го оправда.

Овде очигледно одбегнување да се јави на уредно доставена покана не знам кој го цени и што значи тоа очигледно одбегнување. Произлегува дека полицијата може да го повика лицето на разговор, лицето да не дојде и полицијата да го приведе присилно.

Присилното приведување на граѓаните на разговор може да се врши само со судска одлука. Тоа треба да биде претставено на јасен начин за да не постои можност за кршење на правата и слободите на граѓаните. Затоа во овој член 39 став 3 после зборовите дека се доставува покана во која лицето било предупредено на можноста од присилно доведување треба да се додадат и зборовите “односно тогаш кога врз основа на судска наредба и судска одкука повиканото лице не го оправдало своето недоаѓање” за да се биде многу појасно во кој случај може да се примени присилно доведување.

Значи, само тогаш кога повиканото лице со судска одлука не го оправдало своето недоаѓање.

Понатаму во член 40 став 2, се вели дека лицето кое се наоѓа дома може да се повика во време од 6,00 до 22,00 часот и ставот 2 ако постои опасност од одлагање, полицискиот службеник е овластен да го повика лицето и надвор од времето пропишано во ставот 1 од овој член.

Од тие причини предлагам, ако постои опасност од одлагање да се замени “ако постои опасност од предизвикување на штета”. Само во тој случај лицето кое не доаѓа дома може да се повика и после 22,00 часот ако постои опасност на предизвикување на некоја штета за да може да се оправда ваквото реагирање после 22,00 часот.

Понатаму, членот 58 регулира стопирање, легитимирање, преглед и претрес на лица, на превозни средства и багаж кога постојат основни сомневања дека кај нив ќе се пронајдат траги на кривично дело и предмети што можат да послужат како доказ. Сметам дека и овде е неопходно потребно да се остави на полицискиот службеник тој да цени да ги преземе сите овие дејанија што се наведени овде како стопирање, легитимирање, претрес. Сето тоа е потребно заради изнаоѓање на предмети погодни за напад, самоповредување или кога постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат траги на кривично дело или предмети да не се остави повторно на лична оценка на полицискиот службеник без поконкретни насоки и бидејќи вака како што е кажано повторно може да се злоупотребува и врз основа на оценка на полицискиот службеник тој може да го оцени дури и нас пратениците како што ни се случуваше до сега цел багажник да ни го истоварат на улица, а не кажуваат кое е тоа основано сомнение и што е тоа што сме го направиле, па се однесуваат така како што се однесуваат. Само да потсетам дека во претпладневната сесија зборував за на пример, безбол палките во багажникот на некои пратеници кои евентуално би биле запрени, а еве госпоѓа Силвана Бонева кажува дека нејзе и се случило...

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам. Ќе продолжите? Повелете продолжите.

**Весна Јаневска:** Дека нејзе и се случило да и биде испразнет целиот багажник и на некои колеги пратеници.

Неопходно е потребно овде да се прецизира и да се стесни просторот за злоупотреба.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, немојте, внимавајте на достоинството на овој дом, ве молам. Ова што сега се прави две години не ќе може да го врати достоинството на овој дом, за пет минути што ќе го направиме, како сме тргнале. Имајте трпение уште седум осум минути. Ако не можеме едни против други да извојуваме победа белки можеме над самите себе да извојуваме победа и да бидеме пристојни. Ве молам, продолжете госпоѓа Јаневска.

**Весна Јаневска:** Понатаму членот 62 зборува за тоа дека полицијата може да ја има на јавни места. Ставот 3 дека намерата за спроведување на снимање на јавни места и собири може јавно да ја соопшти. Сметам дека овде зборот “може” треба да се замени со обврзувачки збор како должина или како ќе се оцени во натамошната фаза на разгледување, меѓутоа, полицијата е должна јавно да ја соопшти ваквата намера. Сметам дека нема потреба ова да го коментирам.

Во истиот член во ставот 4 би требало да се дополни со дополнителен текст во кој се вели во однос на таквите чекори полицијата го известува јавниот обвинител со цел тој да изврши контрола дали навистина е така направено.

Во ставот 4 се зборува за тоа дека снимениот материјал се чува во полицијата 6 месеци по што материјалот се уништува освен материјалот што претставува доказ по кривична или прекршочна постапка која се поставува, согласно законот.

Токму од овие причини е неопходно да биде известен и јавниот обвинител и тој да изврши контрола дали така е направено. Апсолутно сум согласна во членот 68 се вели дека податоци за бројот на извршени кривични дела или прекршочни дела, бројот на пријавени сторители или оштетени лица како и останати кривични податоци можат да се користат за статистички, аналитички цели во Министерството.

Понатаму во ставот 2 се вели дека податоци од ставот 1 на овој член можат да се дадат на користење на надлежни стручни и научни институции заради научно истражувачка работа, меѓутоа, овде никаде не е кажано дека овие податоци треба да бидат соопштени до јавноста, согласно Законот за пристап до информации. Овде треба јасно да биде наведено, бидејќи можеби медиумите и невладините организации и други да бидат заинтересирани за овие податоци кои се даваат на надл ежните стручни и научни институции заради научно истражувачка работа и кои се однесуваат на број на пријавени сторители и оштетни лица, на број на кривични дела, кривични прекришоци.

Овде е неопходно потребно да има транспарентност и да се воспостави врска со Законот за пристап до информации.

Во членот 76 став 3 се зборува дека основаноста, оправданоста и правосилноста на употребата на

огнено оружје и употреба на средства кога е предизвикана тешка телесна повреда или настапи смрт на некое лице и кога средството за присила е употребено за повеќе лица ги оценува организационата единица на Министерството надлежно за вршење внатрешна контрола која ги разгледува околностите под кои е применето средството за присила и поднесување извештај со мислење за основаност и оправданост и правосилноста на употреба на средствата за присила што ги донесува министерот.

Овде треба да се додаде на крајот од реченицата и до јавниот обвинител. Комисијата за внатрешна контрола која го испитува случајот покрај до министерот да биде доставен и до јавниот обвинител.

Во ставот 3 од овој член би требало да се дополни или да се додаде нов став кој би гласел: јавниот обвинител доколку заклучил така што може да изврши увид во документите и распоред на вработените во Министерството како и други лица заради утврдување на фактите.

Ова е заради тоа што во ваков случај не би требало да се одговори во Министерството и само тие да даваат оценка и да кажат на пример дека таквото дејствие е во рамките на законот. Затоа задолжително покрај оценката која ќе ја даде министерот од извештајот на внатрешната контрола истио извештај е неопходно потребен да се даде и до јавниот обвинител, а тој има право да врши увид во фактите со распит на лицата и на тој начин тој да го има крајниот збор дали да покрене или не кривична пријава.

Не смее да се дозволи министерот да ја има ваквата оценка во крајни случаи и се да биде препуштено само на приватна тужба.

Тоа е генерално од позначајните забелешки на Законот, вели госпоѓа Силвана Бонева. Сите други забелешки...

**Љубиша Георгиевски:** Еве тука ставете си една црта госпоѓо Јаневска, еве две минути е до 18,00 часот, мислам дека сме доволно уморни сите.

Утре продолжуваме во 11,00 часот.

Ви благодарам на соработката.

(Седницата прекина со работа во 17,58 часот)